На подрачјето на општината претежно се јавуваат вардарецот од северен правец со максимална брзина од 30 m/s односно со 85,8 km/h и југото со максимална брзина од 22,5 m/s односно со 62,3 km/h Климата и климатските фактори имаат големо влијание на изложеноста на ризици од природни несреќи и катастрофи кои можат да предизвикаат посериозни последици по животот на луѓето,материјалните и природните добра.

**1.6. Хидрографска мрежа, вид и количина на атмосферски и други води**

Подрачјето на општината располага со водени ресурси (подземни, површински и атмосверски)

Хидрогравската мрежа ја сочинуваат реките, езерата и каналската мрежа.

Хидролошките карактеристики се поволни поради обилните врнежи од дожд и снег и поголем број на извори

кои располагаат со воден потенцијал во текот на целата година

Позначајни реки кои располагаат со поголем воден потенцијал се Црна Река,Бошавица,Раечка и Луда Мара,Блашница и истите припаѓаат на сливното подрачје

на река Вардар

За снабдување на населенитето со вода за пиење каптирани се повеќе извори со поголем капацитет а најзначаен извор е Лукар (Косматец 1 и Косматец 2 и захватот Стара река) кој се наоѓа на планината Кожуф

На подрачјето на општина Кавадарци изградено е едно од поголемите вештачки езера на акумулацијата „Тиквеш "со вкупен капацитет од 475 милиони $m^3$ вода.и помали акумулации како што се брана Моклиште,-акумулација Моклиште со капацитет од 400 000$m^3$ .акумулација Витачево,акумулација во село Бохула и акумулација Ржаново

Во населените места и градот изградени се голем број на бунари за вода,артериски бунари и природни чешми кои се користат за снабдување на населението со вода за пиење .

За подобрување на хидролошките состојби и карактеристики значајни се регионалниот водовод Лукар во должина од 32 km и развиената водоводна мрежа во градот и населените места со должина од 153 290 m/L,со годишна дистрибуција на вода 7 200 000 m3 за населението

Изграден е водовод за снабдување на населението со вода за пиење Ф-200 во должина од 9 км од Бунарска река до главните резервоари во градот

**1.7. Друго**

Нема

**(2) Организација и користење**

**2.1. Социо-економски карактеристики**

Општина Кавадарци е една од поразвиените општини во Република Северна Македонија каде стопанисуваат неколку поголеми стопански и други субјекти и тоа:

-ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Скопје-Подружница бр Кавадарци -дејност винарство и лозарство.

-АД ЗП Гоце Делчев Тиквеш Кавадарци-дејност винарство и лозарство.

-ИГМ ТРЕЈД Кавадарци -дејност цевки,профили и лим

-„АЛИЈАНС УАН Македонија АД -Кавадарци-дејност тутунска индустрија.

-КОЖУВЧАНКА Кавадарци -дејност производство на вода и сокови.

-Горска Конопиште KODING DOOEL Скопје-дејност производство на вода.

-ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ“ ДОО Кавадарци -дејност производство на никел железо.

-Дрекслер Маер Кавадарци -дејност автомобилска индустрија.

-Градба Промет Кавадарци -Дејност градежништво

Развојот на голем број на стопански субјекти,висока вработеност на работоспособното население,развојот на сите стопански гранки а посебно лозарството и овоштарството придонесува за добри социо - економски карактеристики

**2.2 Природни ресурси (земјоделско земјиште, шуми и шумско земјиште, минерални ресурси и рудници, водни ресурси и водостопанска инфраструктура, енергетски извори и енергетска инфраструктура и друго)**

Тиквешкиот регион располага со природни ресурси кои овозможуваат економски развој и

зголемување на животниот стандард на населението во градот и населените места

прилог 2

прилог 3

прилог 4

прилог 5

прилог 6

прилог 7

прилог 8

прилог 9

прилог 10

прилог 11

**2.3. Население и организација на населбите и дејностите (урбанизација и мрежа на населби, уредување на селските населби и подрачја, домување, и сл.)**

Во Општина Кавадарци и населените места според пописот од 2002 година живеат 38 741 население во 12 026 домаќинства и располага со 16 324 станови и објекти . Во градот Кавадарци живее 28 262 население а во другите населени места живеат 10 454

жители

Населбите се организирани како градски и селски населби.

Градот Кавадарци е поделен на 8 урбани заедници (Љубаш, Кула, Страшо Пинџур, Киро Крстев, Браќа Досеви, Браќа Џунови, Слога и Задругар.)

Селските населби се организирани како приградски – 2 (Ваташа и Глишиќ) ,рамничарски -4 (Сопот, Марена ,Возарци и Шивец) и ридско планински- 27 (Бегниште, Галиште, Гарниково, Дабниште, Добротино, Драгожел, Дреново, Драдња, Кошани, Праведник, Раец, Ресава, Фариш, Шешково, Чемерско, Бојанчиште, Бохула, Горна Бошава, Долна Бошава, Конопиште, Крњево, Куманичево, Мајдан, Мрежичко, Ржаново, Рожден , Страгово) или вкупно 33 населби.

За градот и најголем дел од населениет места изработени се урбанистички планови во и вон населените места и изградбата на стопанските, стамбените, инфраструктурните и други објекти се врши согласно главниот, просторниот и деталниот урбанистички план.

Во селските населби согласно урбанистичките планови и расположивите средства и искажаните потреби на населението се градат стопански,стамбени,комунални и други објекти и друга инфраструктура.

**2.4. Комуникациска мрежа, сообраќај и врски**

Подрачјето на Општина Кавадарци е со релативна добра комуникациска мрежа.

Во близина на територијата на општината поминува автопатот Е-75- А1 коридор 10 кој овозможува поврзување со другите региони и сл.

Преку територијата на општината поминуваат регионалните патни правци Р-1101 Градско-Дреново-Фариш, Р-1103 Неготино -Кавадарци -Дреново, Р-1107 Росоман-Кавадарци -Мушов гроб,

Р-1107 -Барово-Мушов гроб-Св.Петар-Мајдан-Витолиште и граничен премин Пуљеваш и Р-29174 -Крњево-Бохула-Радња.

Истотака изградени и во функција се локални патни правци до сите населени места.

На подрачјето на општината изградени и во функција е фиксен телефонски сообраќај до сите населени места со потребната инфраструктура на Телеком Македонија.

Изградена и во функција е мрежа на мобилен телефонски сообраќај со потребната инфраструктура (интернет врски (жичани и без жичани врски) , репетитори, базни станици, предаватели и сл. на мобилните оператори

За потребите на органите на државната управа, Јавните претпријатија, трговските

друштва и

такси компаниите воспоставени се и функционираат радиоврски со потребната инфраструктура (репетиторски станици и сл.)

Функционираат една локална телевизија КТВ-41 и едно радио Кавадарци.

**2.5. Животна средина и природни богатства**

Животната средина преставува простор кој од страна на човекот преку плански и организациски мерки е уреден за живеење во согласност со неговите потреби и можности.

Животната средина овозможува услови за живот на населението, растителниот и живиотинскиот свет.

Животната средина во најголен процент е чиста и незагадена од природни и вештачки ризици

Животната средина се загадува со употреба на хемиски препарати и вештачки ѓубрива при третирањето на лозовите и други насади и земјоделските површини

На подрачјето на општината одредено загадување и загрозување на животната средина има во реонот на селата од Црноречието (Возарци, Шивец, Дреново, Раец и населбите околу браната на акумулацијата Тиквеш и дел од градот Кавадарци и Ваташа)

Загадувањето е предизвикано од присутното индустриско производство на метали.,издувни гасови од возила и домаќинствата за време на грејна сезона

На подрачјето на општината се наоѓа строгиот природен резерват Тиквеш на површина од 11.605 ha

Во природниот резерват Тиквеш присутни се 23 видови на птици грабливки од кои 17 видови се гнездат на оваа подрачје, .има околу 131 единки од следните видови (Орел рибар-2 единки, орел змијар --64 единки,белоглав орел мршојадец -29 единки, голем гавран -31 единка и др

Едно од посебните обележија на природниот резерват му дава присуството на тн. вид дрво Гол човек кој преставува локален едемичен вид во Република Македонија

**2.6. Културно-историско наследство**

Подрачјето на општина Кавадарци располага со културно историско наследство и тоа :

-Археолошки локалитети 6 бр.

-Културно историски населби 6 бр.

-Манастири 3 бр.

-Цркви 33 бр.

прилог 12

**2.7. Патна мрежа, по видови на патишта**

На подрачјето на Општина Кавадарци изградени се регионални и локални патишта кои ги поврзуваат градот и населените места.

Исто така изградени се полски и шумски патишта кои се користат за обработка на земјоделските површини и искористување на шуми. .

прилог 13

прилог 14

**2.8. Останата инфраструктура, по видови**

На подрачјето на општината постои следната инфраструктура:

-Водовод Лукар мв. Лукар -Кавадарци должина од 32 km,разводна мрежа од 153 км и хидранти 56 бр. со капацитет од 320 л/сек.,со 4 испирачки филтри и хлораторна станица.

-Алтернативен извор за снабдување со вода со захват од Бошавскиот канал со 100 л/сек

-Водовод Моклиште со 10 л/сек

-Колектор во должина од 12 км(2 од по 6 км)

-Железничка пруга Градско -Шивец – ЕУРОНИКЕЛ индустри во должина од 2,5 km на подрачјето на Општина Кавадарци .

-Жичарници на скијачкиот центар Кожуф

-Нафтовод Скопје -Солун поминува преку подрачјето на општината во должина од 6.680 m

-Транспортна лента за пренос на руда рудник Ржаново-Фени Индустри во должина од 37 km

-Магистрална каналска мрежа од системот за наводнување на Водостопанство Тиквеш.

-Мостови на регионални и локални патни правци-24 бр

прилог 15

**2.9. Друго**

Нема

**(3) Населени места**

**3.1. Имиња, големина и граници на секој град и поголеми населени места**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на поголеми населени места**

| Ред.бр. | Имиња на населените места | Големина | | Граници на населените места |
|---|---|---|---|---|
| | | Жители | Површина km$^2$ | |
| 1 | Кавадарци | 28 287 | 33,8 | Глишиќ,Марена,Манастирец,Трстеник,Ваташа,Шивец,Д Дисан |
| 2 | Марена | 988 | 12,4 | Глишиќ,Тимјаник,Неготино,Сопот,Кавадарци |
| 3 | Глишиќ | 1365 | 7,3 | Кавадарци,Марена ,Сопот,Тимјаник |
| 4 | Возарци | 884 | 6,9 | Кавадарци,Ресава,Шивец,Дреново |
| 5 | Сопот | 866 | 19,8 | Марена,Манастирец,Рибарци,Паликура,Курија,Неготино,Кавадарци и Глишиќ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Ваташа | 3 120 | 24,4 | Кавадарци,Грниково,Бунарче,Страгово, Горни и Долни Дисан,Дабниште |
| 7 | Дреново | 699 | 19,8 | Возарци,Раец,Дебриште,Шивец ,Драдња |
| 8 | Бегниште | 413 | 32,1 | Ресава,Кошани,Дабниште,Драгожел |

Извор-општина Кавадарци,

**3.2. Урбана – рурална структура на населбите**

Градот Кавадарци е поделен на 8 урбани заедници (Љубаш, Кула, Страшо Пинџур, Киро Крстев, Браќа Досеви, Браќа Џунови, Слога и Задругар

Стамбените и стопанските објекти се од збиен тип.

Во урбаните заедници изградена е добра инфраструктура (сообраќајници, телекомуникации, електро мрежа , водоснабдување , одводна мрежа и др).и се наоѓаат на рамничарски терен

Преку подрачјето на овие месни заедници поминуваат магистралните канали за наводнување на земјоделското земјиште во овие населени места

Во овие месни заедници изградена е добра инфраструктура (сообраќајници телеком-уникации електро мрежа , водоснабдување, одводнување и др

Месните заедници Ваташа, Марена, Глишиќ и Сопот се наоѓаат до водотеци (река Луда Мара и Овчка река.

На повисок ридест терен (до 500 мнв) се наоѓаат следните месни заедници(МЗ Дреново,МЗ Раец,МЗ Фариш,МЗ Ресава,МЗ Бегниште и МЗ Дабниште

прилог 16

На подрачјето на Општина Кавадарци постојат населени места кои се наоѓаат на ридско планински рурален терен: МЗ Страгово, МЗ Горниково, МЗ Бојанчиште, МЗ Куманичево, МЗ Мрежичко, МЗ Рожден, МЗ Мајдан, МЗ Конопиште, МЗ Горна Бошава, МЗ Долна Бошава, МЗ Крњево, МЗ Чемерско ,МЗ Бохула и други населени места кои се иселени или живее многу мал број на жители.

**3.3. Демографски профил: број и карактеристики на населените места, број и структура на населението (национална застапеност, старосни групи, родова припадност, образование, економска активност, лица со посебни потреби и други демографски параметри, вклучувајќи ги промените кои се случиле во последните 2-3 децении), вкупно и посебно, по населени места**

Населението живее во вкупно 34 населени места и истите се со следните

карактеристики:

Во градот Кавадарци живее најголем дел од населението (околу 3/4 од вкупниот број

Кавадарци е стопански, културен, индустриски, сообраќаен и општествен центар на општината

Населените места Ваташа, Глишиќ, Марена, Сопот, Возарци и Дреново се поголеми населени места и во истите изградена и развиена е сета потребна инфраструктура(патна,електро,комунална, водоводнаодводна, телефонска, образовна) и во истите нивото на стопанскиот развој е на задоволително ниво.

. Функционираат поголем број на мали и средни претпријатија и семејни бизниси и во овие населени места животот на населението е на повисоко ниво.

Населените места од ридскопланинскиот дел(рурални)демогравски се празни (во нив живеат мал број на жители по извршената миграција село-град во времето од 1960 до 1980 година

Во Општина Кавадарци живее 38 741 население, во 12 026 домаќинства, располага со станови (сите видови на живеалишта) 16 324 со стамбен простор., со просечен број на членови на домаќинствата 3,22

По проценка на Државниот завод за статистика од 31.12.2011 во општина Кавадарци живеат 39.005 жители

Според националната припадност на населението 96,8 % се македонци, 0,6 % роми, срби 0,6 %

турци 0,4 % и останати 0,5 %.

прилог 17

прилог 18

прилог 19

прилог 20

**3.4. Друго**

Нема

**(4) Економски профил**

**4.1. Стопанска развиеност**

Општина Кавадарци е една од поразвиените општини во Република Северна Македонија.

Стопанската развиеност се манефестира преку расвојот на сите стопански дејности и тоа:

-Развој на индустријата и производството на индустриски производи.

-Развој на земјоделството(лозарство,овоштарство,градинарство и др)

Лозарството е интензивна развојна гранка од која егзистираат најголем број од населението меѓутоа во последните 10 години лозарството стагнира (откуп нередовен и загарантиран, цената ниска , исплатата нередовна и со закаснување -неисплатени неколку години и др.) што директно влијае за стопанскиот и економскиот развојна општината и економската моќ на граѓаните.

-Развој на сточарството одгледување на сите видови сточни грла и производство на производи од животинско потекло.

-Развој на мали и средни претпријатија

-Изградба на соответна инфраструктура што ќе ги задоволува потребите на стопанството и стопанскиот развој.

Во време на економска криза и тешки економски услови за функционирање постојат трговски друштва кои економски добро работат и се основна движечка сила за економскиот развој на општината а тоа се

-АД ЗП Гоце Делчев Тиквеш Кавадарци-дејност винарство и лозарство.

-ИГМ ТРЕЈД Кавадарци -дејност цевки,профили и лим

-„АЛИЈАНС УАН Македонија АД -Кавадарци-дејност тутунска индустрија.

-КОЖУВЧАНКА Кавадарци -дејност производство на вода и сокови.

-Горска Конопиште KODING DOOEL Скопје-дејност производство на вода.

-ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ“ ДОО Кавадарци и -дејност производство на никел железо.

-Дрекслер Маер Кавадарци -дејност автомобилска индустрија.

-Градба промет Кавадарци -Дејност градежништво

-ВИНАРСКА ВИЗБА-ТИКВЕШ експорт-импорт АД-Скопје-Подружница бр Кавадарци -дејност винарство и лозарство.

и др. кои се карактеризираат со брз економски развој.

прилог 21

**4.2. Присутна индустрија и други производни капацитети (по градови и населени места)**

На подрачјето на општина Кавадарци развиени се индустриски и други производни капацитети од различни дејности (индустрија,земјоделство,градежништво,услуги и др.

**П Р Е Г Л Е Д**

**н на индустриски и други производни капацитети по населени места**

| Ред. бр. | Индустриски-производни капацитети | Локација наслени места | Дејност |
|---|---|---|---|
| 1 | ЕУРОНИКЕЛ индустри | с.Возарци | Никел и др. |
| 2 | ИГМ ТРЕЈД | Кавадарци | Лимови и профили |
| 3 | УАН<br>Алијанса Македонија | Кавадарци | Откуп и преработка на тутун |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4 | Жито Југ | Кавадарци | Складирање на жито и производство на леб и бели пеци |
| 5 | ВВ Тиквеш | Кавадарци | Алхохолни и безалхохолни пијалоци |
| 6 | ЈП Национални шуми ПО БОР | Кавадарци | Одгледување и искористување на шуми |
| 7 | ЗП<br>ТИКВЕШ-Гоце Делчев | Кавадарци<br>с.Возарци | Лозарство и ратарство |
| 8 | Градба Промет | Кавадарци | Градежништво |
| 9 | Дрекслер Маер | Кавадарци | Автомобилска индустрија |
| 10 | Машино коп | Кавадарци | Рударство |
| 11 | Кожувчанка | Кавадарци-<br>с.Мрежичко | Производство на газирана и негазирана вода и сокови |
| 12 | Горска | с.Конопиште | Производство на газирана и негазирана вода |
| 13 | ХЕ Тиквеш | с.Возарци | Производство на електрична енергија |
| 14 | ЈП Комуналец | Кавадарци | Водоснабдување и др. Комунални дејности |
| 15 | Водостопанство Тиквеш | Кавадарци | Наводнување |
| | | | |

Извор-Општина Кавадарци

**4.3. Индустрија со хазарден потенцијал (со посебно елаборирање на потенцијалот за загрозување)**

На подрачјето на општина Кавадарци има развиено индустрија со хазарден материјал ЕуроНикел Индустри Возарци и Винарска визба „Тиквеш“ Кавадарци

**(5) Генерални карактеристики на развојот**

**5.1. Актуелната намена на земјиштето и развојните карактеристики**

Земјиштето во тиквешкиот регион пружа можности за развој на земјоделското производство

кое поради геогравската положба, разновидноста на климата,педолошките услови и др. условува развој на разновиден растителен свет.

Земјоделското земјиште е распоредено на различна надморска висина и тоа од 160 до 300 мнв на рамничарскиот дел,од 300 до 500 мнв на падинскиот дел и од 550 до 950 мнв на ридско планинскиот дел. Актуелната намена на земјиштето е за развој на зејмоделското и друго производство

-Развој на Винарството(производство на алхохолни пијалоци и дестилати)покрај постоечките поголеми и помали винарии планирани се локации за изградба уште на 20 винарии.

-Развој на овоштарството

-Развој на градинарството.

-Развој на сточарството овчарство, козарство, говедарство, пчеларство, бројлеско производство,

рибарство и др.

-Развој на шумарството

-Стадиони и спортски игралишта 35 740 $m^2$

-Градежно земјиште 866,28 ha

Градски пазар 2 848,53 m и Паркови 11 288 $m^2$

прилог 22

**5.2. Развојни цели за територијата/подрачјето, како дел од националните/локални планови (Просторен план на Република Македонија, Генерален/детален урбанистички план и сл.)**

Заради плански и рамномерен развој на градот и урбаните и месните заедници во рамничарскиот и ридскопланинскиот (рурален) дел донесени се генерален ,просторен план и детални урбанистички планови за во и вон населени места.

Во генералниот, просторниот и деталните урбанистички планови утврдени се развојните цели, приоритети ,динамиката на реализацијата,носителите на активностите и финансии.

Во плановите утврдени се следните развојни цели:

Стамбена изградба и развој

Комунална изградба и дејности.

Развој на патната,електро,телефонска и друга инфраструктура.

Генералниот,просторниот и деталните урбанистички планови на локално ниви ги реализираат органите, телата и службите на локалната самоуправа на Општина Кавадарци

Општина Кавадарци има изработено планови за развој и тоа:

Стратегиски план за развој на општината

Локален економски развој

План за рурален развој и развој на земјоделството

План за реализација на целите и задачите што произлегуваат од развојот на Вардарскиот регион

Програма за развој на општина Кавадарци (годишна)

Други планови ,програми и стратегии за развој на сите дејности на локално ниво

**(6) Сумарен и детален опис на застапените елементи на ризикот според номенклатурата на средства и други блага од Единствената методологија за процена штети од елементарни непогоди („Службен весник на Република Македонија" бр. 75/2001)**

Процена на сите елементи на ризикот го вршат комисии за процена на штети согласно Единствената методологија за процена на штети. формирани од општина Кавадарци и другите правни субјекти.

прилог 23

прилог 24

## Посебен дел - профил

## I Ризици и опасности

**Профилирање на ризиците и опасностите, односно идентификација на присутните и очекуваните опасности на кои подрачјето било/е изложено, нивен опис, анализа, проценување на веројатноста за случување, по време и простор, очекуван интензитет/јачина на влијание и можни последици**

Подрачјето на општина Кавадарци според геогравските,хидрогравските,орогравските,климатските,стопанските

и демогравските карактеристики било загрозено и во наредниот период може да биде загрозено од одредени ризици и опасности

Профилирањето на ризиците и опасностите за подрачјето на општина Кавадарци-е извршено врз основа на идентификација на присутните и очекуваните опасности на кои подрачјето на општината било и е изложено,нивен опис,анализа,проценувањње на

веројатноста за случување,по време и простор,очекуван интензитет/ јачина на влијание и можни последици

Според интензитетот и зачестеноста на појавување како и предизвиканите материјални штети карактеристични се следните ризици и опасности (пожари,загадување,поплави,екстремни временски појави (мраз и слана, град,суша,,ветар,,екстремно ниски и високи температури снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром,магла,), Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животнитеи и други опасности, (заболувања на растенијата ,ерозија на почва,НУС средства,лизгање и одрони на земјиште,РХБ контаминација и УВ зрачење,оштетување и прелевање на брани ,несреќи во патничкиот сообраќај,земјотреси,труење со храна и хемихалии и асоцијални појави.)

прилог 25

**Пожари**

## II Процена на ризикот – постапки и активности

### (1) Процена на опасност

**1.1. Истражување, документирање и анализа на информации и документи за случените во минатото несреќи и непогоди предизвикани од опасностите карактеристични за територијата/подрачјето која е опфатена со процената**

Според извршеното истражување,документирање и анализа на раположивите податоци и информации опасностите од пожари на површини со шуми, отворен простор и на објекти во и вон населени места се присутни на подрачјето на Општина Кавадарци.

Настанатите пожари на подрачјето на Општина Кавадарци

Настанати се големи пожари на објекти и истите имаат предуизвикано финансиски и материјални штети и тоа :

-Пожар во стоковна куќа Кавадарци во 1974 година.

-Пожар во дрвни комбинат „Страшо Пинџур“ Кавадарци во 1973 и 1988 годин

-Пожар на ладилник Кавадарци.

прилог 26

прилог 27

**1.2. Определување/профилирање на потенцијалните извори на загрозување-опасности, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на теротиријата/подрачјето опфатено со процената**

Опасноста од пожари на отворен простор, површини под шуми и на објекти во и вон населени места на подрачјето на Општина Кавадарци според досегашните анализи е честа појава предизвикана од природни ипојави и човечки фактор, а за нивно настанување може да се издвојат следните причини:

**а. Пожари во шума**

-невнимателно однесување при собирање на шумски плодови, излети во шумите,чување на сточни грла и сл.

-несоодветно уредување на сечиштата по експлоатацијата (остатоци од гранки и друга шумска маса)

-фрлање на отпушоци во шумите или сообраќајниците

-самозапалување од удари на гром и дефекти(кинење на жица) на далекуводи

**б. Пожари на отворен простор**

Палење на стрништа, палење на отпадоци по извршена резидба на овошни и лозови насади,фрлање на отпушоци по сообраќајници,самозапалување од удари на гром,палење на локални депонии и др.

Во период на суши и сува вегетација поизразени се негативните ефекти од настанатите пожари.

Конфигурацијата на теренот и зашумените предели кои што се во граничните делови со соседните општини се исто така причина за пренесување на шумските пожари од подрачјата на соседните општини

**в. Пожари на објекти во и вон населени места**

-необезбедени и неисчистени оџаци,неисправни грејни тела,неисправна и дотраена електрична инсталација и неисправни плински уреди др.

**1.3. Проценување на веројатноста за нивно случување (по време, место, интензитет), со научно и методолошки поткрепен процес на обработка на верификувани информации во организирана и координирана меѓуресорска соработка со сите вклучени субјекти од системот за управување со кризи**

Во организирана и координирана соработка со субјектите од системот за управување со кризи од подрачјето на Општина Кавадарци. утврдена е веројатноста од појава на пожари по време,место и интензитет.

Веројатноста за нивно случување по време ,место и интензитет е утврдена врз основа

на анализирање на расположивите податоци за изложеноста и ранливоста на присутните елементи (население,природна и изградена средина и др.)

Пожарите на отворен простор и на површините под шуми на подрачјето на Општина Кавадарци се јавуваат од месец Јуни до месец Октомври.

Пожарите настануваат во реонот на Голем и Мал Љубаш,Витачево,Вишешница и планината Кожуф и истите се со висок интензитет поради присуството и видот на горливиот материјал.

На објектите во и вон населените места не може точно да се определи времето на настанување на пожарите бидејки со новиот пристап кон економските активности и начин на живеење опасноста од настанување на пожарите е континуирана а во зимскиот период (Ноември-Март) е поизразена со оглед на фактот дека сеуште масовно се употребува дрвото за затоплување на објектите. Пожари на објектите во и вон населените места не биле со поголем интензитет и не предизвикале поголеми материјални штети.

**1.4. Визуелизација на резултатите/наодите од процената, на карти/мапи за опасностите, матрици на опасност и други форми за визуелизација, поддржано со соодветна информатичка технологија, како Географски информациони системи-ГИС и сл.**



**1.5. Други постапки и активности**

-Навремено откривање на настанатите пожари и размена на податоци и информации помеѓу субјектите на системот за управување со кризи надлежни за превземање на мерки за гасење и локализирање на пожари на шумски површини,отворен простор и на објекти во и вон населени места.

-Спроведување на активности согласно оперативните планови за заштита од пожари и стандардните оперативни постапки од страна на субјектите на системот за управување со кризи.

**(2) Процена на ранливост и изложеност на посебните елементи кон кои е насочен ризикот**

**2.1. Процената на ранливоста и изложеноста опфаќа анализа и дефинирање на посебните карактеристики, пецифики и околности на поединецот, заедницата, објектите и системите кои ги прават подложни на негативните влијанија на оштетувачките ефекти на дадената опасност**

Подрачјето на Општина Кавадарци во однос на ранливоста и изложеноста на опасности од пожари може да се подели на рамничарски и ридско планински дел.

Во рамничарскиот дел расположивите површини се под земјоделски култури,овошни и лозови насади, со мали површини со шумска вегетација(претежно багремови насади поради тоа ранливоста е мала.

На овој простор присутни се објекти (стамбени,стопански и услужни),разна инфраструктура-(патна,електро,телефонска ,водоводна и др.)

Во ридско планинскиот дел поради високата пошуменост,разновидна вегетација(високо квалитетни и листопадни шуми),,присуство на горлив материјал ранливоста на поединецот ,објектите ,вегетацијата ,населените места,флората и фауната што се наоѓаа на тој простор е голема ,изразена во физички и финансиски загуби.

Во ридско планинскиот дел на опасности од пожари изложени се следните елементи:

-Површини под шуми и пасишта 64 514,72 ха со загрозеност( прв степен-47,69 ха,втор степен 3351,3,трет степен 28 945,35 ха и четврт степен 12 639,73 ха.)

-Загрозени се површини на индивидуални сопственици.

-Население ,викендаши ,работници и други лица присутни на овој простор.

- Регионални далекуводи Дубрава-Битола реон од Конопиште до Трибор,Кавадарци до Прилеп и локалните далекуводи кои што ги поврзуваат населените места и објектите кои се наоѓаат во тие реони.

прилог 28

**2.2. Квалитативна и квантитативна анализа на создадените вредности, идентификација на типологијата на објектите и нивниот број, на инфраструктурата и на критичните објекти кои се чуствителни на конкретната опасност/, со мапирање (до колку е можно)**

Според извршената анализа можна е загрозеност на објекти и инфраструктура кои се чуствителни на опасноста од пожари на подрачјето Општина Кавадарци.

прилог 29

**2.3. Квалитативна и квантитативна анализа на изложеното население (родова структура, старосни групи, групи со посебни потреби итн), со мапирање (до колку е можно)**

Според статистичките податоци од пописот од 2002 година како и од извршената

анализа загрозено е

населението што живее,работи и престојува во населените места кои се наоѓаат во ридско планинскиот дел

и кои се во близина на шумите.

Дреново,Бегниште,Ресава,Дабниште,Кошани,Горниково,Драгожел,Рожден,Клиново,Мре Мајдан,Горна Бошава,Долна Бошава,Крњево,Чемерско,Бохула, ,Страгово Галиште,Радња,Добротино,Шешково,

Праведник,Ќесендре,Раац и Фариш и викенд населбите на Тиквешкото езеро.

прилог 30

### 2.4. Проценa на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз објекти и инфраструктура

#### 2.4.1. Оштетувањето на објекти по конструктивни типови, степен на оштетување и број

Оштетување ќе претрпат објектите кои се направени од материјали кои се подложни на запалување и тоа се воглавно помошни објекти кои служат за сместување на сточна храна, одгледување на стока, чување на земјоделски алатки и машини и претежно се лоцирани во селските населби. Овие објекти се изградени со носивни системи од слаб градежен материјал и се во непосредна близина на шумските подрачја и можностите за оштетување се големи.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на оштетување на објекти по конструктивни типови и број од пожари**

| Р..б | Конструктивни типови на објекти | Локација | Број |
|---|---|---|---|
| 1 | Индивидуални стамбени објекти | Во градот и населени места | 16324 |
| 2 | Колективни стамбени објекти | -/- | 120 |
| 3 | Стопански и други објекти | -/- | 16 |
| 4 | Училични згради | -/- | 16 |
| 5 | Спорски и фискултурни сали | -/- | 9 |
| 6 | Здраствени објекти | -/- | 3 |
| 7 | Трафостаници | -/- | 4/144 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8 | Детска градинка | -/- | 4 |
| | | | |

Извор: Индок база на податоци РЦУК Кавадарци

### 2.4.2. Оштетување на инфраструктурата, по различни категории на инфраструктура и степен на оштетување

**П Р Е Г Л Е Д**

**на оштетување на инвраструктура по категотии од пожари**

| Р.бр | Инфраструктура по категории | Локација |
|---|---|---|
| 1 | Електро енергетска мрежа( локална и регионална | на цела територија на општина Кавадарци |
| 2 | Телекомуникациски-информациска мрежа | на цела територија на општина Кавадарци |
| 3 | Транспортна трака за ЕУРОНИКЕЛ индустри | од рудник Ржаново до ЕУРОНИКЕЛ Индустри |
| 4 | Нафтовод Солун -Скопје | Марена и Сопот |
| 5 | Антенски столбови и репетитори | на цела територија на општина Кавадарци |

Извор: Индок база на податоци РЦУК Кавадарци

### 2.4.3. Критични објекти по категории на намена, конструктивна типологија, степен на оштетување и број

прилог 31

### 2.4.4. Останати објекти и инфраструктура, по типологија, степен на оштетување, број и други релевантни карактеристики

На подрачјето на Општина Кавадарци загрозени од пожари се и други објекти и инфраструктура

**П Р Е Г Л Е Д**

**на оштетување на објекти и инфраструктура по конструктивни типови и број од пожари**

| Р.бр. | Конструктивни типови на објекти | Локација | Број |
|---|---|---|---|
| 1 | Паркови и зеленило | Кавадарци | 3 |
| 2 | Манастири | Ваташа,Бошава и Пополо на брегот на тиквешкото езеро | 3 |
| 3 | Цркви | Во градот и населените места | 20 |

Извор: Индок база на податоци РЦУК Кавадарци

**2.5. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз населението**

**2.5.1 Живот и здравје**

Врз основа на искуствата од случените пожари во изминатиот период животот и здравјето на населението било загрозено . од повеќе опасности.

За подрачјето на Општина Кавадарци карактеристични се шумските пожари кои се случуваат надвор од населените места и при тоа се претрпуваат само материјални штети.на населението.

Животот и здравјето е загрозено на лицата што учествуваат во гасењето и локализирањето на пожарите на

отворен простор,објекти и инфраструктура,како и на лицата кои живеат и работат во објектите зафатени од пожари.

Животот и здравјето на лицата ангажирани во гасењето и локализирањето на пожари загрозен е од следните опасности(повреди,опекотини,задушување од чад и други отровни материи,-опасности од експлозија на плин,резервоари за течни горива,складишта на алхохолни пијалоци ,експлозија на НУС средства заостанати од минатите војни кои ги има во подрачјето под шуми на висорамнината Витачево,висорамнината Вишешница и планината Кожуф и др..

Животот и здравјето на населението и работниците од стопанските субјекти е загрозен од следните опасности(повреди,задушување,опекотини,загуба на стамбени и стопански објекти, прекини на производство и намалување на финасиските средства за живот и работа.

**2.5.2. Смртност и повреди, (по типологија и интензитет)**

Според извршените анализи на последиците по ангажираните лица и население во гасењето и локализирањето на настанатите пожари во минатото не се регистрирани смртни случаи. Загрозени со смртност и повреди се лицата што се ангажирани во гасењето на пожарите пожарникари,вработени и насленето што живее во објектите или во близина на објектите и површините зафатени со пожари и експлозии.

Повредите и смртноста може да настане со задушување,изгореници или од експлозија,и тие би биле со зголемен интензитет.

**2.5.3. Појава на болести и заразии, и др.**

При појава на пожари можни се повреди ,задушување,опекотини,струјни удари на учесниците во гасењето на пожарите,сопствениците на објекти и површините.

Болести и заразии и др. се можни при пожари на поголеми стамбени и стопански објекти кога се јавува потреба од колективно згрижување на население од настраданите објектии користење на неисправна вода и храна

**2.6. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) на институциите/субјектите на системот за управување со кризи (капацитет и способности)**

При појавата на пожари особено во шуми каде што е изразена опасноста по интензитет, нивна зачестеност, причинети штети, ангажирини ресурси за справување во досега настанатите пожари, системот за управување со кризи функционирал ефикасно, односно се реализирале потребните процедури, мерки и активности.

Влијанието (ранливоста и изложеноста ) при настанување на пожари се одразува на институциите кои дирекно или индирекно се надлежни за заштита од пожари а тоа се:

Општина Кавадарци,ЈП Национални шуми ПО-„БОР Кавадарци",ТППЕ Кавадарци,„ПЕ н МЗШВ Кавадарци,ПС од општа надлежност Кавадарци,Шумска полиција ПО ,РЦУ Кавадарци,ПО-ДЗС Кавадарци,ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност и Центар за Јавно здравје ОЕ Кавадарци.

Ранливоста и изложеноста на опасноста од пожари изразена е кај субјектите и населението кои се сопственици на објектите и површините зафатени од пожари.

За одредени појавени слабости превземени се мерки за подобрување и таквиот пристап продолжува во насока на мерки на превенција за ефикасно справување со појавата и функционирање на системот

**2.7. Процена на директните, индиректните и долгорочните физички и економски загуби по категории, на разгледуваните елементи на ризикот**

Според анализите и оценките за настанатите пожари реално е да се очекува загуби и штети:

-при шумски пожари ќе има директни штети загуби на високо планинските тревни површини, загуби на шумскиот фонд од сите видови, а посебно боровите насади како и сите животински видови кои се засатапени на тие простори.Како индиректни загуби можни се оштетувањата на инфраструктурата која ќе биде зафатена (далекуводи, локалните патни правци, репетитори, телекомуникациските системи), намален шумски фонд и др.Долгорочни загуби ќе бидат појава на ерозивни подрачја, губењето на живеалиштата на животинските заедници како и подолгорочно оштетување и деградација на почвата и нарушување на биодивирзитетот.

-при пожари на отворен простор на стрништа, меѓи и депонии директни загуби се на

земјоделските култури, почвата и загадување на воздухот бидејки овие простори се наоѓаат непосредно до населените места.

Индирекно влијание има при нивно проширување кон шумските ревири и преминуваат во шумски пожари.

. Долгорочно ќе има последици на целокупниот еко систем.

-при појава на пожари на објекти во и вон во населените места во општината директни загуби ќе бидат предизвикани на објектите (станбени, деловни, производствени и помошни) кои ќе бидат опожарени и при тоа покрај објектите штети ќе се предизвикаат на сите материјални добра кои ќе се најдат во тој момент во објектите и нивната непосредна околина. Директно ќе бидат загрозени животите и здравјето на граѓаните во тие објекти и прекини на производните и услужните и други дејности.. Индиректно може да бидат загрозени инфраструктурни објекти (електро мрежата).

**2.8. Збирна оцена и економски биланс на потенцијалниот ризик со процена на неговото влијание врз економијата на територијата/подрачјето**

Во случај на настанување на пожари на површини под шуми,отворен простор и на објекти во и вон населени места доаѓа до прекин и нарушување на економските и стопанските активности на зафатеното подрачја,

објекти или инфраструктута и до дирекни штети на стопанските субјекти,општината и населението.

Во такви случаи општината,субјектите и населението губаат одреден процент од своите економски можности и потенцијали.

Општина Кавадарци спаѓа во редот на поразвиените општини и во случај на ризици и опасности, постои можност успешно да ги надмине настанатите состојби а истотака и дел од стопанските субјекти можат успешно да ги надминат настанатите состојби преку ангажирање на сопствени сили и средства.

Општина Кавадарци во буџетот на општината планира и обезбедува финансиски средства за справување со настанатите ризици од пожари

**2.9. Процена за други елементи на ризикот**

Во случај на пожар на отворен простор - просторот од строгиот резерват Тиквеш) кој е со површина од 11 ,6 ха директно се загрозуваат живеалиштата на голем број заедници на птици.

Овај простор се користи и за напасување на стоката, сточна храна, а претставува и место за рекреација.

Во случај на пожар на шумите во шумско стопанските единици на ПО-БОР Кавадарци и на отворен простор дирекно се загрозува живеалиштата на голем број на разновидни диви животни и птици и други живи суштества

**(3) Капацитет и способност на Системот за управување со кризи за превенција, рано**

**предупредување и одговор на проценетиот ризик**

**3.1. Осврт на секторски стратегии, политики и планови за намалување/превенција, односно справување со проценетиот ризик**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на стратегии, процени и планови за превенција, намалување и справување со ризикот од пожари**

| Р.б. | Назив на документот | Субјект |
|---|---|---|
| 1 | Национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи | ЦУК |
| 2 | Национална стратегија за заштита и спасување Службен весник на РМ бр. 6/2014 | ДЗС |
| 3 | Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на мерките за заштита и спасување бр.76/2006 | ДЗС ПО Кавадарци |
| 4 | Процени на загрозеност од приородни непогоди, епидемии,епизотии, епитофии и други несреќи | ДЗС – ПО,субјекти<br>ЕЛС Кавадарци |
| 5 | Планови за заштита и спасување од природни непогоди,епидемии,епизотии,епитафии и други несреќи | ДЗС – ПО<br>ЕЛС Кавадарци<br>Субјекти |
| 6 | Оперативен план за заштита од пожари | ШС „БОР " Кавадарци |
| | | |

Извор: Субјекти на системот за управување со кризи на локално ниво

**3.2. Осврт на ресурсите за одговор (човечки, материјални, технички и др;) кои се наоѓаат на територијата на која се однесува процената**

Во справувањето со пожарите се користат човечки и материјално технички ресурси кои се лоцирани на подрачјето на Општина Кавадарци и со нив располагаат субјектите кои се директно вклучени во справувањето со пожарите

Прикажаните ресурси се користат за сите видови на пожари (шуми, на отворен простор и пожари на објекти во и вон населени места) согласно потребите на субјектите од СУК.

Покрај прикажаните ресурси на овие субјекти може да се користат и други ресурси (за превоз на лица и МТС и опрема, градежни машини и сл.) кои се во сопственост на правни и приватни лица. Евиденција за ресурси се

води во базата на податоци на ЦУК и РЦУК Кавадарц

ТППЕ Кавадарци располага со хидраулична маказа за интервенции при сообраќајни несреќи

прилог 32

прилог 33

прилог 34

**3.3. Процена на потреби (опрема) и секторски подготовки (обука, вежби) за спроведување на потребните мерки и активности насочени кон превенција, рано предупредување и справување со проценетата состојба**

Од извршената анализа за појавата на пожарите, нивната зачестеност, интензитет, направени штети како и реакцијата на субјектите од СУК во справувањето со нив може да се заклучи следното:

Опременување на ТППЕ Кавадарци со опрема и средства кои ќе и овозможат поефикасна интервенција и поуспешно справување со пожарите

Поради старите градби и тесните улици за поуспешно интервенција при пожари во урбаните заедници потребно е набавка на помало противпожарно возило.

Обученоста на професионалната ТППЕ ,Вработените во ПО-ШС „БОР" Кавадарци ,П Единицата во ЕУРОНИКЕЛ Индустри , единицата на ДЗС е добра,меѓуто обученоста на човечките ресурси од субјектите на СУК кои треба да се ангажираат во справување со пожарите е недоволна. Заради тоа треба да се организираат обуки за лицата кои ќе бидат директно ангажирани во справување со пожарите.,

За граѓаните треба да се организира обуки за самозаштита и нивно постапување при евентуално учество во справувањето со пожарите.

Покрај обуката потребно е да се организираат показни вежби во кои ќе се увежбуваат постапките на граѓаните и субјектите од СУК при појава на пожари

**3.4. Координација, комуникација и одлучување за примената на мерките и ресурсите, преку стандардни оперативни постапки**

При опасност од пожар субјектите на системот за управување со кризи на локално ниво согласно законските надлежности прибираат и разменуваат податоци за опасноста од пожар,податоци за ангажираните сили и средства и потребата од ангажирање на дополнителни ресурси од подрачјето на општината.соседните општини и и др.

Мерките што се превземаат и ресурсите што се ангажирааат во гасењето и локализирањето на пожарите се спроведуваат согласно стандардните оперативни процедури и оперативни планови.

При координацијата и комуникацијата помеѓу субјектите на СУК се користат постојните стандардните оперативни постапки со кои се врши целосно следење и справување со пожарите.:

Стандардните оперативни постапки што треба да ги превземаат субјектите на системот за управување со кризи на локално ниво ги определува Општина Кавадарци (Совет на општина)

-Стандардните оперативни процедури за комуникација, координација и соработка на ЦУК со субјектите од СУК на локално ниво

-Стандардни оперативни процедури за комуникација,координација и соработка помеѓу субјектите во СУК при прогласена кризна состојба

-Мапа на работен процес бр. 14-2555/1 од 22 09 2015 година.

-Уредба за видот на податоците и информациите и за начинот и постапката на нивно доставување до ЦУК (Службен Весник на РМ број 9/07 )

-Уредба за утврдување на оперативни постапки за меѓусебна комуникација,координација,соработка и постапување на субјектите на системот за управување со кризи бр.44-1223/1 од 06-02-2018 Службен весник на РМ бр. 27/2018 г

-Методологија за процена на штети (Сл.Весник на РМ број 75 од.2001 година

-Планови и процедури за дејствување

**3.5. Мерки за справување и отстранување на последиците од случени несреќи и катастрофи**

Субјектите на системот за управување со кризи на локално ниво во Општина Кавадарци превземаат превентивни и оперативни мерки за заштита од пожари согласно законските и подзаконските акти.

-Спроведување на мерките за заштита од пожари предвидени во урбанистичките планови

-Организирање и подготовка на силите и средствата за гасење на пожари

-Подготовка и спроведување на превентивните и оперативните мерки во сите средини,објекти,места и простори каде постои можност од настанување на пожари..

-зголемено набљудување и известување за појава на шумски пожар;

-континуирана контрола на шумските комплекси од страна на ЈП Македонски шуми ПО „БОР“ Кавадарци (поставување на знаци за забрана и предупредување на опасноста од пожари);

-обезбедување на постојано дежурство во ЈП Македонски шуми ПО „БОР“ Кавадарци , особено во периодот на зголемена пожарна опасност;

-намалување на пожарната осетливост на објектите (видови на градежни материјали, опрема, вид на конструкција);

-вградување инсталации, уреди и средства отпорни на пожари

-изградба на соодветни сообраќајници и приодни патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција,

-изградба на хидранска мрежа за брза и ефикасна интервенција , вградување на автоматски детектори за пожар,изградба на пристапи до водотеци

**3.6. Процена на штети со изразени финансиски импликации**

Штетите кои се претрпуваат од сите видови на пожари влијаат на намалување на општествениот бруто доход и економската состојба на сопствениците на материјалните добра кои ќе бидат опожарени..

Штетите на опожарените површини и објекти ги проценувваат сопствениците и надлежните органи и служби.

Во колку зафатените објекти,површини под шуми и житарици се големи,општината формира првостепена комисија за процена на штети..

Комисиите работат согласно Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета од настанати природни непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи (Сл.Весник на РМ број 98/2005.)

Извештаите се изработуваат согласно обрасците пропишани во Единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди (Сл.Весник на РМ број 75 од 19.09.2001 година

**3.7. Управување со ревитализација по елиминирањето на кризата**

Санирањето на последиците од пожарите е специфично во однос на видот на настанатиот пожар. При пожари на шуми просторот кој е зафатен треба да се ревитализира во повеќе фази во зависност од видот на опожарената дрвна маса и вегетација. Потребно е да се изврши расчистување на земјиштето од изгорените дрвја, подготовка на земјиштето за пошумување и пошумување на земјиштето.

При пожарите на отворен простор мерките за ревитализација на зафатеното подрачје се поедноставни бидејки се работи за површински пожари кои ја зафаќаат вегетацијата која сама се обновува

За обработливите површини ревитализацијата ќе се изврши согласно видот на

земјоделската култура која ќе биде застапена во иднина.

Согласно член 6 од Уредбата за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената може да се заклучи следното

**Од извршените анализи и изборот на индикатори на досега случените пожари и превземените мерки на субјектите од СУК се проценува дека степенот на загрозеност од опасноста од пожари на подрачјето на Општина Кавадарци е од втор степен на загрозеност**

**-Втор степен - означува низок ризик редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност**

Од извршените анализи и изборот на индикатори на досега случените пожари и превземените мерки на субјектите од ЦУК наша процена е дека степенот на загрозеност од опасноста од пожари на подрачјето на општина Кавадарци е од втор степен на загрозеност ( СИНО ) што означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност).

**Загадување**

## II Процена на ризикот – постапки и активности

**(1) Процена на опасност**

**1.1. Истражување, документирање и анализа на информации и документи за случените во минатото несреќи и непогоди предизвикани од опасностите карактеристични за територијата/подрачјето која е опфатена со процената**

На подрачјето на Општина Кавадарци загадувањето на почвата,водата и воздухот е присутна во текот на целата година.

-Загадување на почвата настанува од употреба на вештачки ѓубрива,хемиски и други отровни материи и таложење на прашина и честички од тешки метали и отровни материи во тврда,течна и гасовите состојба од загадувачите присутни на подрачјето на Општина Кавадарци.

-Загадување на водата на акумулацијата „Тиквеш“ настанува од отпадните материи што ги носи водата на Црна река од изворот до вливот во акумулацијата „Тиквеш“,отпадоците од големиот број на кафези за одгледување на риби,загадувачки елементи од индустриските капацитети и др.

- Загадувањето на Црна река,Бошавица и Луда Мара настанува од отпад ,фекалии,,атмосверски води и испуштање на загадена вода со тешки метали и хемиски средства од производни и индустриски капацитети и хемиското третирање на земјоделски површини .

-Загадување на воздухот настанува од гасови и суспендирани честички,прашина од индустриски и производни капацитети,стамбени и деловни објекти,возила. и др.

Загадувањето е постојано присутно и во одредени временски периоди(зима и во деновите кога има магла) загаденоста за неколку пати ги надминува дозволените граници .

-Во 2010 година настана загадување на водите на акумулацијата „Тиквеш“ при што во рибниците на езерото имаше помор на околу 150 тони риба.

-Загадување на водоводните системи на селата Шивец и Возарци во 2012 година

-Загадување на воздухот со ПМ 10 честички над дозволеното во времето од м.Јануари - до м.Мај 2017 година и од Октомври до м. Декември 2017 година

-Загагување на воздухот со ПМ 10 честички Јануари -Март 2018 г

-Загадување на воздухот со ПМ10 честички од Ноември 2018 г до Март 2019 г

-Загадување на воздухот со ПМ10 честички од Ноември 2019 г до Март 2020 г

-Загадување на воздухот со ПМ10 честички од Ноември 2020 г до Март 2021 г

**1.2. Определување/профилирање на потенцијалните извори на загрозување-опасности, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на теротиријата/подрачјето опфатено со процената**

На подрачјето на Општина Кавадарци постојат повеќе потенцијални извори на загадување на почвата,водата и воздухот и тоа се :

-Клима и климатските промении ,УВ зрачење. и нивно влијание.

-Експлоатација на минерали и неминерали(честички и прашина)

-Депонии Мелци Кавадарци на комунален отпад,индустриски отпад и отпад од растително и анимално потекло.

-Гасови и суспендирани честички(PM10 и PM2,5) од индустриските капацитети,возилата и користењето на дрва , јаглен за огрев на домаќинствата и други штетни материјали(гуми,пластика,прегорено улјестиропор и др,.

-Користење на вештачки и хемиски средства во земјоделското и индустриско производство

-Природна контаминација на почвата,водата и воздухот .

-Пожари од поголеми размери на објекти,отворен простор и шума

Загадувањето на воздухот се следи во станицата исталирана до ООУ Гоце Делчев Кавадарци , 1 на градскиот плоштад,1 во село Возарци и 1 во село Ваташа .

Загадување на водите на акумулацијата „Тиквеш“ со фекалии и индустриски отпадоци

кои доаѓаат од соседните општини Прилеп и Битола и отпадоците што се создаваат од околу 600 кафези за одгледување на риби во рибниците на езерото.

-Загадување на почвата,водата и воздухот преку храната , преголема употреба на хемиски и биолошки средства и пестициди и РБХ контаминација на почвата,водата и воздухот.

-Загадување на почвата,водата и воздухот преку таложење и присуство на тешки метали

**1.3. Проценување на веројатноста за нивно случување (по време, место, интензитет), со научно и методолошки поткрепен процес на обработка на верификувани информации во организирана и координирана меѓуресорска соработка со сите вклучени субјекти од системот за управување со кризи**

Загадување на почвата,водата и воздухот имало во изминатиот период, и во наредниот период можна е појава на загадување на почвата ,водата и воздухот од потенцијалните загадувачи присутни на подрачјето на Општина Кавадарци.

прилог 35

прилог 36

прилог 37

**1.4. Визуелизација на резултатите/наодите од процената, на карти/мапи за опасностите, матрици на опасност и други форми за визуелизација, поддржано со соодветна информатичка технологија, како Географски информациони системи-ГИС и сл.**



**1.5. Други постапки и активности**

Субјектите на системот за управување со кризи континуирано превземаат мерки и активности за следење на состојбите со загадувањето на почвата,водата и воздухот,,проверка на исправноста и вградување на потребната опрема за заштита од загадување

**(2) Процена на ранливост и изложеност на посебните елементи кон кои е насочен ризикот**

**2.1. Процената на ранливоста и изложеноста опфаќа анализа и дефинирање на посебните карактеристики, пецифики и околности на поединецот, заедницата, објектите и системите кои ги прават подложни на негативните влијанија на оштетувачките ефекти на дадената опасност**

Поединецот,заедницата,објектите и системите се подложни на негативни влијанија од штетните ефекти на

опасноста од загадување на почвата,водата и воздухот поради следното:

Во Општина Кавадарци населението претежно се занимава со земјоделите(лозарство,-овоштарство и градинарство)и за производство и заштита користи големи количини на вештачки ѓубрива,хемиски и други отровни материи,населението располага со голем број на моторни возила(сите видови) и има развиено индустриски и други производни капацитети од тешка индустрија,експлоатација на минерали и неминерали и др.

Поради присуството на потенцијални извори на загадувањена на почвата ,водата и воздухот ранливи и изложени елементи на овој ризик се поединецот,населението,објектите,,ресурсите (земјиште,земјоделски производи,акумулации,реки и др.)

**2.2. Квалитативна и квантитативна анализа на создадените вредности, идентификација на типологијата на објектите и нивниот број, на инфраструктурата и на критичните објекти кои се чуствителни на конкретната опасност/, со мапирање (до колку е можно)**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на создадени вредности чуствителни на опасност од загадување на почвата ,водата и воздухо**

| Р.б | **Објекти по типологија** | **Број** | **Инфраструктура** | **Критични објекти** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Стамбени и други објекти | 12026 | Регионален водовод Лукар<br>Водовод Бунарска река | Извори ,водовод |
| 2 | Деловни и други објекти | 17 | Природни извори(бунар и чешми) | извори |
| 3 | Акумулации | 5 | Локални водоводи | Извори ,водовод |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Реки | 6 | | Резервоар за вода |
| 5 | Систем за наводнување | 6 | | |
| 6 | Површини под шуми | 48 571 ха | | |
| 7 | Земјоделско земјиштште | 20000 ха | | |

**2.3. Квалитативна и квантитативна анализа на изложеното население (родова структура, старосни групи, групи со посебни потреби итн), со мапирање (до колку е можно)**

Населението на опасност од загадување на почва,вода и воздух е изложено преку престој на загадено земјиште,користење на загадена вода и храна и вдишување на загаден воздук.

На хемихалии и отровни материи населението е изложено преку употреба и користење на хемиски и отровни материи во земјоделското и индустриското производство и користење на загадени прехрамбени и други производи.

Изложено е населението што се занимава со земјоделско производство-,населението што живее во поголеемите урбани населени места и градот и населението во близина на индустриските и производни капацитети,складишнин капацитети на лесно запаливи и експлозивни материи и населението во близина на загадените води и лицата со одредени професии.

**2.4. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз објекти и инфраструктура**

**2.4.1. Оштетувањето на објекти по конструктивни типови, степен на оштетување и број**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на објекти и инфраструктура ранлива и изложена на опасност од загадувањена почвата ,водата и воздухот**

| Ред. Бр. | Објекти по типологија | Број | Инфраструктура |
|---|---|---|---|
| 1 | Стамбени и други објекти<br>Најмногу објектите кои се наоѓаат до сообраќајници-,производни и индустриски капацитети и до складишта на течни горива | 12026 | Регионален водовод Лукар со инврастру-ктура-(филтри и извори) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Деловни и други објекти поголеми | 17 | Природни извори(бунар и чешми) |
| 3 | Акумулации | 5 | Локални водоводи во населени места |
| 4 | Реки | 6 | Резервоари за вода |
| 5 | Систем за наводнување-канали | 6 | |

**2.4.2. Оштетување на инфраструктурата, по различни категории на инфраструктура и степен на оштетување**

Од загадување на почвата ,водата и воздухот големо оштетување ќе претрпат акумулациите,реките,рибниците

-Акумулации -5 бр.

-Извори на водовод Лукар -3 бр.

- Извори локални водоводи 5 бр.

-Води на поголемите реки на подрачјето на општина Кавадарци-6 бр

-Водовод Бунарска река

**2.4.3. Критични објекти по категории на намена, конструктивна типологија, степен на оштетување и број**

Критични објекти со најголемо оштетување при загадување на почвата ,водата и воздухот се:

-Изворите на регионалниот водовод Лукар -3 бр.

-Изворите на локалните водоводи -5 бр.

-Резервоари за вода-2 бр.

**2.4.4. Останати објекти и инфраструктура, по типологија, степен на оштетување, број и други релевантни карактеристики**

На подрачјето на Општина Кавадарци постојат и други објекти и инфраструктура загрозени од загадување на почвата ,водата и воздухот

-Силос за складирање на жито и производи-1 бр.

-Рибници 5 бр.

-Кафези за производство на риби на Тиквешкото езеро 600 бр.

**2.5. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз населението**

**2.5.1 Живот и здравје**

Животот и здравјето на населението е загрозено од високите концентрации на загадувачки материи во почвата

водата и воздухот.

Населението доаѓа во допир со загадувачките материи преку следните активности(употреба на вештачки ,хемиски и други отровни материи во земјоделството.,употреба на средства за чистење на домовите,употреба на загадувачки материи во здраствените установи,престој во загадени објекти и земјиште.вдишување на издувни гасови ,прашина и честички од возилата,грејните тела и индустриските капацитети,употреба на загадена и контаминирана храна и вода,допир со медицински,комунален,индустриси и анимален отпад,пилани и др.)

Животот и здравјето на населението загрозен е во населените места во близина до индустриските и складишните капацитети(ЕУРОНИКЕЛ Индустри,,Винарска визба Тиквеш,-Агропин,Макпетрол-склад Кавадарци,депонијата на индустриски отпад(складирање на троска) и депонијата Мелци на ЈП Комуналец за депонирање на комунален и друг отпад.

Животот и здравјето загрозен е на работницииte кои што работат во индустриските и други производни капацитети кои во процесот на работа користат и складираат загадувачки материи,кои работат во капацитети што емитуваат гасови,прашина и др

**2.5.2. Смртност и повреди, (по типологија и интензитет)**

Населението е изложено на смртност и повреди индирекно преку вдишување на издувни гасови ,прашина,честици од потенцијалните извори на загадување.

-Смртноста и повреди на населението што работи во индустриските и производните капацитети кој вршат зголемено загадување на почвата ,водата и воздухот е со висок интензитетот

-Смртноста и повредите застапени се кај население што живее во непосредна близина на индустриските,производните и складишните капацитети кој вршат зголемено загадување на почвата ,водата и воздухот,со висок интензитетот на изложеност

-Смртноста и повредите застапени се кај населението што живее во градот и населените места поради издувни гасови и чад од возилата и користењето на тврди горива во текот на грејната сезона.

Поради високата загаденост на почвата,водата и воздухот на подрачјето на Општина

Кавадарци заболувањето и смртноста на населението е на високо ниво ,затоа бројот на заболени и умрени лица спрема вкупниот број на население е доста висок

**2.5.3. Појава на болести и зарази, и др.**

Загадување на почвата,водата, и воздухот преставува потенцијална опасност за појавување на болести, зарази и труење со хемихалии и други отровни материи на населението.

На подрачјето на Општина Кавадарци присутни болести и зарази се: болести на дишните органи-респираторни болести-цревни заразни болести,канцерогени заболувања, кардиоваскуларни заболувања,труење со хемихалии и отровни материи,заразна. жолтица и др

Загрозено од загадување на почвата ,водата и воздухот е населението што живее во непосредна близина на индустриските и други капацитети кој ја загадуваат животната средина,кои живеат до складишни и други капацитети(експлозивни материи) населението што употребува хемиски и други отровни матери за третирање на земјодлското производство и работниците што работат во индустриските и произвиодните капацитети кои при процесот на производство вршат загадување..

**2.6. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) на институциите/субјектите на системот за управување со кризи (капацитет и способности)**

Институциите/субјектите на системот за управување со кризи изложени и ранливи се на влијание на загадување на почвата ,водата и воздухот особено при испуштање на дим и прашина од индустриските и производните капацитети,висок интензитет на издувни гасови од возилата, чадење на оџаците од стамбените и други објекти во текот на грејната сезона и др.

Субјектите на системот за управување со кризи во досега настанатите загадувања со ангажираните ресурси (човечки и материјални) успешно се справувале со опасностите и ги реализирале потребните процедури, мерки и активности.

Реално е да се очекува при слични појави на изложеност и ранливост на опасност од загадувањена почвата ,водата и воздухот, системот за управување со кризи соодветно да реагира со потребните ресурси.

За одредени појавени слабости превземени се мерки за подобрување и таквиот пристап продолжува во насока на мерки на превенција за ефикасно справување со опасноста и функционирање на системот

**2.7. Процена на директните, индиректните и долгорочните физички и економски загуби по категории, на разгледуваните елементи на ризикот**

Загадувањето на почвата,водата и воздухот предизвикуваат дирекни,индирекни и долгорочни физички и економски штети и загуби кај населението,објектите,материјалните добра на подрачјето на општина Кавадарци.

| Дирекни штети | Индирекни штети | Долгорочни физички и економски загуби |
|---|---|---|
| -Загадување на почвата,-воздухот и водата | Трошоци за одбрана од загадување на почвата,водата и воздухот.<br>и воздух | -Економски загуби на населението и стопанските субјекти |
| -Загадување на производите | -Последици по флората и фауната | -Физички загуби на населението и сточниот фонд |
| -Загадување на населението | -Загрозување на здравјето и животот на населението | |
| -Загадување на сточниот фонд | -Заболување и изумирање на растенијата и животните | |

**2.8. Збирна оцена и економски биланс на потенцијалниот ризик со процена на неговото влијание врз економијата на територијата/подрачјето**

Загадување на почвата ,водата и воздухот предизвикува дирекни и индирекни штети на подрачјето на општината , економски загуби и намалување на економскиот биланс на Општина Кавадарци,стопанските субјекти и населението гледано во целина.

Општина Кавадарци располага со економски потенцијал,човечки и материјални ресурси за справување со евентуално настанатото загадувања на почвата ,водата и воздухот

**2.9. Процена за други елементи на ризикот**

Ризикот од загадување на почвата ,водата и воздухот има влијание и на други елементи присутни на подрачјето на Општина Кавадарци а тоа се: загрозување на шуми,пасишта,рибен фонд во реки,езера и рибници,растителниот и животинскиот свет,зголемен број на заболувања на населението,сточниот фонд и др

Загрозен е рибниот фонд на реките и акумулациите и фармерското производство на риби на Тиквешкото езеро во 600 кафези со годишно производство од 800-1000 тони риба

**(3) Капацитет и способност на Системот за управување со кризи за превенција, рано предупредување и одговор на проценетиот ризик**

**3.1. Осврт на секторски стратегии, политики и планови за намалување/превенција, односно справување со проценетиот ризик**

Институциите и субјектите кои ги остваруваат своите надлежности во системот за управување со кризи имаат изработено повеќе стратегии, процени и планови за превенирање, намалување на последиците односно

справување со опасноста од загадување на почвата ,водата и воздухот

Големите загадувачи на подрачјето на опоштина Кавадарци е потребно да изработат внатрешни оперативни планови за заштита од загадување на водата,воздухот и почвата,Во плановите треба да предвидат превентивни и оперативни мерки за заштита од загадување и потребните средства и опрема за заштита од загадување.

Општина Кавадарци врз основа на внатрешните оперативни планови за заштита од загадување потребно е да изработи надворешен оперативен план за заштита од загадување.

прилог 38

**3.2. Осврт на ресурсите за одговор (човечки, материјални, технички и др;) кои се наоѓаат на територијата на која се однесува процената**

Во справувањето со загадувањена на почвата ,водата и воздухот се користат човечки и материјално технички ресурси кои се лоцирани на подрачјето на Општина Кавадарци и со нив располагаат субјектите кои се директно вклучени при справувањето на истите.

Во заштитата од загадување на почвата ,водата и воздухот се вклучуваат Индустриските и производните капацитети(ВВ Тиквеш,ЕУРОНИКЕЛ Индустри,Водостопанство Тиквеш,УАН Алијанса-Македонија,Агропин,ИГМ ,ЈП Национални шуми ПО-БОР Кавадарци и другите стопански и нестопански субјекти присутни на подрачјето на Општина Кавадарци

прилог 39

**3.3. Процена на потреби (опрема) и секторски подготовки (обука, вежби) за спроведување на потребните мерки и активности насочени кон превенција, рано предупредување и справување со проценетата состојба**

За намалување на ефектите и последиците од загадување на почвата ,водата и воздухот потребна е следната опрема :

-Филтри за прашина на индустриските и производните капацитети кои ја загадуваат почвата ,водата и воздухот

-Поправка на Автоматски мониторинг станици за квалитет на амбиентален воздух-Кавадарци

-Складирање и дистрибуција на квалитетни погонски горива.

-Изградба на колекторски систем по течението на река Луда Мара до с. Сопот

-Филтри и пречистителни станици за вода.

Потребни се обуки и вежби на населението и вработените за спроведување на мерките за заштита од загадување на почвата,водата и воздухот.

**3.4. Координација, комуникација и одлучување за примената на мерките и ресурсите, преку стандардни оперативни постапки**

- Спроведување на законските и подзаконските акти кои ги регулираат надлежностите на субјектите за справување со опасноста од загадување на почвата ,водата и воздухот

Регионалниот центар за управување со кризи Кавадарци е во функција на остварување на потребната координација,комуникација и соработка во остварувањето на сите функции на системот за управување со кризи на локалнo ниво

Градоначалникот и советот на Општина Кавадарци донесуваат стандардни оперативни постапки и процедури за дејствување на субјектите во надлежност на Општина Кавадарци.на локално ниво

При комуникацијата,координацијата и соработката се користат следните документи:

-Стандардни оперативни процедури за комуникација,координација и соработка помеѓу субјектите во Системот за управување со кризи при прогласена кризна состојба

-Мапа на работен процес бр. 14-2555/1 од 22 09 2015 година.

-Уредба за видот на податоците и информациите и за начинот и постапката на нивно доставување до ЦУК (Службен Весник на РМ број 9/2007)

- -Уредба за утврдување на оперативни постапки за меѓусебна комуникација,координација,соработка и постапување на субјектите на системот за управување со кризи бр.44-1223/1 од 06-02-2018 Службен весник на РМ бр. 27/2018 г

-Деловник за работа на РШУК при ПО-РЦУК Кавадарци

-Методологија за процена на штети (Сл.Весник на РМ број 75 од 19.09.2001 година

-Планови и процедури за дејствување

**3.5. Мерки за справување и отстранување на последиците од случени несреќи и катастрофи**

Во справувањето и остранувањето на последиците од загадување на почвата ,водата и воздухот,надлежните субјекти на локално ниво ги превземаат сите потребни превентивни и оперативни мерки

Превентивни и оперативни мерки за заштита од загадување на почвата,водата и воздухот

-Доследно и целосно спроведување на пропишаните мерки за заштита од загадување на почвата водата и воздухот

-Вградување на филтри во индустриските и производните капацитети.

-Контрола на складирањето и употребата на горливиот материјал,идувните гасови и честички.

-Пошумување на опожарените површини,површини подложни на ерозија и површини околу изворите и водоснабдителните објекти.

-Превземање на потребните мерки за заштита на депониите за комунален,медицински и

индустриски отпад.

-Намалување на употребата на хемиски и загадувачки материи

-Изработка на внатрешни и надворешни планови за заштита од загадување

-При надминат праг на загадување заради информирање на населението и правните субјекти општина Кавадарци преку средствата за јавно информирање доставува соопштение со препорака на мерки што треба да се превземаат за намалување на загадувањето и последиците од истото.

**3.6. Процена на штети со изразени финансиски импликации**

Доколку настанат штети со изразени финансиски импликации,Општина Кавадарци формира првостепени комисии за процена на штети од загадување на почвата ,водата и воздухот

Комисиите работат согласно Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета од настанати природни непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи (Сл.Весник на РМ број 98/2005)

Извештаите се изработуваат согласно обрасците пропишани во Единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди (Сл.Весник на РМ број 75 од 19.09.2001 година

**3.7. Управување со ревитализација по елиминирањето на кризата**

Општина Кавадарци при прогласена криза –кризна состојба од загадување на почвата ,водата и воздухот донесува програма за ревитализација на подрачјето и создавање услови за нормално функционирање на сите субјекти.

Субјектите што стопанисуваат со оштетените индустриски и производни капацитети, депонии и др.согласно нивните планови,програми и расположиви финансиски и материјални средства превземаат мерки за санирање на настанатите штети и создавање на услови за функционирање

Согласно член 6 од Уредбата за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената може да се заклучи следното

**Од извршените анализи и изборот на индикатори за опасностите од загадување на почвата водата и воздухот и превземените мерки на субјектите од системот за управување со кризи се проценува дека степенот на загрозеност од овие опасности на подрачјето на Општина Кавадарци е од втор степен на**

**загрозеност**

**-Втор степен - означува низок ризик редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност**

Од извршените анализи и изборот на индикатори на досега случените загадувањеа и превземените мерки на субјектите од ЦУК наша процена е дека степенот на загрозеност од опасноста о д загадувањеа на подрачјето на општина Кавадарци е од втор степен на загрозеност ( СИНО ) што означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност).

## Поплави

## II Процена на ризикот – постапки и активности

**(1) Процена на опасност**

**1.1. Истражување, документирање и анализа на информации и документи за случените во минатото несреќи и непогоди предизвикани од опасностите карактеристични за територијата/подрачјето која е опфатена со процената**

Од интензивни врнежи од дожд (поројни дождови) и нагло топење на снег во изминатиот период настанати се поплави на подрачјето на Општина Кавадарци, при што поплавени и оштетени се стамбени и други објекти,земјоделски и други површини.

прилог 40

**1.2. Определување/профилирање на потенцијалните извори на загрозување-опасности, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на теротиријата/подрачјето опфатено со процената**

Подрачјето на Општината Кавадарци може да биде загрозено од:

-поплава од излевање на реките

-поплава од излевање на порои,долови и др.

-поплава од оштетување, рушење или прелевање на браната на акумулацијата „Тиквеш“ и акумулацијата Моклиште„Градот“.

Браната на акумулацијата „Тиквеш“ е изградена во 1968 година, а реновирана во 1982 година. Таа е камено насипна со глинено јадро. минимална кота 233 мнв, должина на акумулацијата 28,5 km , површина на акумулацијата 883 ха, ширина на круна 10 m , нагиб 11,7, вграден материјал 2.722 190 $m^3$,

Од вкупната вода 475 000 000 m3 за наводнување се користи 95 000 000 . $m^3$

При целосно оштетување на браната на акумулацијата „Тиквеш“ поплавниот бран со висина од 48 м пристигнува во село Возарци за 2 минути а во село Шивец поплавниот бран со висина од 41 м за 7 минути.

Потенцијални извори за настанување на поплави се следните( обилните врнежи на дожд нагло топење

на снег, излевањето на водите од коритата на реките и пороите, неисчистените речни корита и одводни канали, оштетување на заштитните појаси-насипи на реките како и оштетување и прелевање на браната на акумулацијата „Тиквеш "и браната на акумулацијата Моклиште„Градот")

Браните и акумулациите во општина Кавадарци може да бидат оштетени од земјотреси или евентуални воени дејства.

Складирање на ерозивен материјал во реките и акумулациите.

Во Акумулацијата „ТИКВЕШ" Кавадарци од 1968 до 1991 година внесено е 30 милиони м3 нанос.

Опасност од поплава може да предизвикаат реките Бошавица,Луда Мара,Црна река,Овчка река Раечка река

прилог 41

**1.3. Проценување на веројатноста за нивно случување (по време, место, интензитет), со научно и методолошки поткрепен процес на обработка на верификувани информации во организирана и координирана меѓуресорска соработка со сите вклучени субјекти од системот за управување со кризи**

Подрачјето на Општина Кавадарци е загрозено од поплави во пролетните и летните месеци од март до Април кога доаѓа до зголемување на температурите и топење на снеговите од планинските масиви.

Од опасноста од поплавување загрозени се атарите на селата Конопиште,Долна Бошава,Крњево,Возарци

Шивец,,Ваташа,Глишиќ,Марена и Сопот.

Во градот Кавадарци загрозен е делот по течението на река Луда Мара

Загрозени од поројни води од 7 порои се дел од населебите во Ваташа и градот Кавадарци.

**Преглед на долови и поројници кои се влеваат во урбаниот дел на течението на река Луда Мара**

| Ред бр | Дол или поројница | Површина и должина на долот | Загрозеност | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Објекти | Инфраструктура | Земјиште |
| 1 | Безимен дол кај Ваташа (бел камен) | Fсл. = 45.0 ха<br>L = 370.0 m | 5 | 1 улица | 0,1 ха |
| 2 | Желков дол | Fсл. = 89.0 ха<br>L = 1500.0 m | 10 | 2 улици<br>1 мост | 0,2 ха |
| 3 | Кавадаречки дол | Fсл. = 121.0 ха<br>L = 2500.0 m | 10 | 2 улици<br>Подземниот одвод | 0,2 ха |
| 4 | Меснос „УШИ“<br>Меснос „Вршникот“ | Fсл. = 162.0 ха<br>L = 4100.0 m | 15 | 1 улица | 0,3 ха |
| 5 | Журов дол | Fсл. = 61.0 ха<br>L = 760.0 m | 3 | | 0,2 ха |
| 6 | Калнички дол | Fсл. = 134.0 ха<br>L = 840.0 m | 10 | 1 улица | 0,2 ха |
| 7 | Димков дол | Fсл. = 59.0 ха<br>L = 2110.0 m | / | / | 0,2 ха |
| 8 | Дисански пат | Fсл. = 64.0 ха<br>L = 2400.0 m | / | / | 0,1 ха |
| 9 | Думовички дол | Fсл. = 55.0 ха<br>L = 2800.0 m | 5 | 2 улици | 0,2 ха |
| 10 | Глишиќ | Fсл. = 9.0 ха<br>L = 1500.0 m | 5 | 2 улици | 0,1 ха |

**1.4. Визуелизација на резултатите/наодите од процената, на карти/мапи за опасностите, матрици на опасност и други форми за визуелизација, поддржано со соодветна информатичка технологија, како Географски информациони системи-ГИС и сл.**



Извор:Брана на акумулација „Тиквеш“ Кавадарци

прилог 42

прилог 43

**1.5. Други постапки и активности**

Општина Кавадарци и Водостопанство „Тиквеш“ Кавадарци за заштита од поплави континуирано превземаат мерки и активности за чистење и регулација на речните корита,долови и суводолици,уредување на речното корито на река Луда Мара што поминува низ градското подрачје.

Општина Кавадарци , Водостопанство „Тиквеш“ Кавадарци и АД ЕЛЕМ ПО ХЕI „Тиквеш“ согласно законските прописи имаат изработено оперативни планови за заштита и одбрана од поплави и е потребно доследно и навремено да ги превземаат утврдените превентивни и оперативни мерки во истите.

Со превземање на други мерки и активности е потребно спречување на ерозија на земјиште од порojни и други води.

Од ерозија загрозени се  делови од село Ваташа.

Општина Кавадарци во соработка со ЈП Комуналец Кавадарци,ЈП Национални шуми Подружница „БОР“ Кавадарци и ЈП Водостопанство Подружница „Тиквеш“ Кавадарци редовно превзема мерки за пошумување на ерозивните подрачја и уредување на порои и долови.



**(2) Процена на ранливост и изложеност на посебните елементи кон кои е насочен ризикот**

**2.1. Процената на ранливоста и изложеноста опфаќа анализа и дефинирање на посебните карактеристики, пецифики и околности на поединецот, заедницата, објектите и системите кои ги прават подложни на негативните влијанија на оштетувачките ефекти на дадената опасност**

Подрачјето на Општина Кавадарци од поплави е загрозено од реките Бошавица,Овчка Река, Луда Мара , Црна река и Раечка река кои поминуваат низ рамничарски предел со благ пад на речното корито.

При пообилни врнежи и топење на снег реките се карактеризираат со поголема водна енергија која дополнително може да предизвика и опасност од ерозија.

Од река Бошавица на опасност од поплави изложени се атарите на селата: Конопиште, Долна Бошава и Крњево,регионалниот пат Крњево-Мушов гроб и 3 мостови, од Овчка река на опасност од поплави изложен е атарот на село Марена,од река Луда Мара од брана Моклиште до село Сопот на опасност од поплави изложени се атарите на селата Ваташа,градот Кавадарци-делот покрај рекатa,Глишиќ,Марена и Сопот ,Регионални патишта Кавадарци –Мушов гроб и Кавадарци –Неготино и 9 мостови,од Црна река на опасност од поплави изложени се атарите на селата Возарци,Дреново и Шивец,регионален пат Кавадарци-мотел Дреново и 3 мостови...

Од поројните води загрозени се објектите во близина на долови кои водат кон градот Кавадарци и с. Ваташа

При оштетување и прелевање на браната на акумулацијата Тиквеш изложено е подрачјето на селата Дреново,Возарци,Шивец -објекти,инфраструктура,население,стока и земјоделско земјиште околу 21 $km^2$

Исто така ранливо и изложено е подрачјето на соседните општини

Росоман,Градско,Неготино,Демир Капија.

Ранливо и изложено е подрачјето низводно од акумулацијата на рудник Ржаново во село Мрежичко.

прилог 44

прилог 45

**2.2. Квалитативна и квантитативна анализа на создадените вредности, идентификација на типологијата на објектите и нивниот број, на инфраструктурата и на критичните објекти кои се чуствителни на конкретната опасност/, со мапирање (до колку е можно)**

Според извршената анализа за степенот на изложеност на создадените вредности и можната загрозеност на одредени објекти и инфраструктура кои се чувствителни на опасноста од поплава на подрачјето на Општина Кавадарци состојбата е прикажана во следниот преглед :

**П Р Е Г Л Е Д**

**на објекти и инфраструктура од подрачјето на Општина Каваадрци**

**кои можат да бидат изложени на опасноста од поплави**

| **Р.б** | **Тип на објекти** | **број** | **Инфраструктура** | **Број** | **Критични објекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стамбени објекти | 300 | Регионални патишта | 2 | Телекомуникациски водови |
| 2 | Деловни | 4 | Локални патишта | 2 | Далекувод од ХЕ Тиквеш до Прилеп |
| 3 | Образовни | 2 | Локални водоводи | 5 | Електро мрежа( локална) |
| 4 | | | Мостови | 14 | |
| 5 | | | Канал за наводнување | 2 | |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на населени места, населби, земјиште, сточен фонд**

**од подрачјето на Општина Кавадарци кои се изложени на поплава**

| Ред. Бр. | Река-опсег на поплавата | Населено место | Објекти | Земјиште | Сточни грла |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Река Бошавица | -Конопиште<br>-Долна Бошава<br>-Крњево<br>-Горна Бошава | 50<br><br>29 | 20 ха<br>23 ха<br>4,6 ха | Говеда 120 |
| 2 | Река Луда мара | -Ваташа<br>-Град Кавадарци<br>-Глишиќ<br>-Марена<br>-Сопот | 150<br>100<br>/<br>30<br>/ | 12 ха<br>25 ха<br>30 ха<br>20 ха<br>10 ха | 810 овци<br><br>150 овци<br>/ |
| 3 | Црна река | -Дреново<br>-Возарци<br>-Шивец | /<br>188<br>30 | 25 ха<br>35 ха<br>30 ха | 1320 овци |
| 4 | Овчка река | -Марена | 30 | 20 ха | 400овци |

Извор:Општина Кавадарци

**2.3. Квалитативна и квантитативна анализа на изложеното население (родова структура, старосни групи, групи со посебни потреби итн), со мапирање (до колку е можно)**

Според статистичките податоци од пописот од 2002 година како и од извршената анализа на структурата на населението од Општина Кавадарци што е изложено на поплави состојбата е следна:

**П Р Е Г Л Е Д**

**на население( родова структура од подрачјето изложено на**

**поплава**

| Ред. Бр. | Река-опсег на поплавата | Населено место | Вкупно население | Мажи | Жени | Изложено население |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Река Бошавица | -Конопиште<br>-Долна Бошава<br>-Крњево | 108<br>51<br>65 | | | 40<br>20<br>4 |
| 2 | Река Луда мара | -Ваташа<br>-Град Кавадарци<br>-Марена | 3120<br>28288<br>988 | 1603<br>14326<br>496 | 1517<br>13961<br>492 | 200<br>650<br>50 |
| 3 | Црна река | -Возарци<br>-Шивец | 884<br>120 | 475 | 409 | 884<br>120 |
| 4 | Овчка река | -Марена | 988 | 496 | 492 | 80 |

Извор-Попис на население и домаќинства за 2002 година

**2.4. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз објекти и инфраструктура**

**2.4.1. Оштетувањето на објекти по конструктивни типови, степен на оштетување и број**

Поплавите имат влијание(ранливост и изложеност) на објекти и инфраструктура.

**П Р Е Г Л Е Д**

**аа влијанието(ранливост и изложеност)на објекти и инфраструктура од подрачјето на Општина Кавадарци**

**на опасност од поплави**

| Р.б | Типп на објекти | број | Инфраструктура | Број | Критични објекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Стамбени објекти | 300 | Регионални патишта | 2 | Телекомуникациски водови |
| 2 | Деловни | 4 | Локални патишта | 2 | Далекувод од ХЕ Тиквеш до Прилеп |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Образовни | 2 | Локални водоводи | 5 | Електро енергетска мрежа( локална) |
| 4 | | | Мостови | 14 | |
| 5 | | | Канал за наводнување(лев-десен крак) | 2 | |

Извор:Субјекти на системот за управување со кризи

прилог 46

### 2.4.2. Оштетување на инфраструктурата, по различни категории на инфраструктура и степен на оштетување

Загрозеност и оштетувањето на инфраструктурата при појава на поплава

**П Р Е Г Л Е Д**

**на оштетување на инврaструктура по категотии од поплави**

| **Р.бр** | **Инфраструктура по категории** | **Локација** |
|---|---|---|
| 1 | Мостови на Црна Река | Возарци |
| 2 | Мостови на река Луда Мара | Марена,Кавадарци и Ваташа |
| 3 | Мостови на река Бошавица | Конопиште,Горна Бошава и Крњево |
| 4 | Регионален пат Кавадарци-Дреновска клисура | Возарци |
| 5 | Инфраструктура на лев и десен магистрален канал за наводнување | Возарци и Марена |
| 6 | Регионален пат Мушов гроб-Крњево | Конопиште,Долна Бошава и Крњево |
| 7 | Водоводна и канализациона мрежа во близина на течението на рекитеЛуда Мара,Црна Река | Кавадарци,Ваташа, Марена,Глишиќ и Возарци |
| 8 | Подземна електро и телекомуникациска инфраструктура во близина на речните корита | Кавадарци,Ваташа, Марена,Глишиќ и Возарци |
| 9 | Нафтовод Солун -Скопје | Марена |

Извор:Субјекти на системот за управување со кризи

**2.4.3. Критични објекти по категории на намена, конструктивна типологија, степен на оштетување и број**

На подрачјето на општина Кавадарци постојат критични објекти кои што може да бидат оштетени при опасности од поплави

**П Р Е Г Л Е Д**

**на критични објекти по категории на намена,конструктивна типологија и број**

| Р.б | Објекти по категорија | Тип на Конструкција | Број |
|---|---|---|---|
| 1 | Хидроцентрала Тиквеш | Тврда градба и метална конструкција | 1 |
| 2 | Деловни простории на ЗП АД Гоце Делчев Возарци | Тврда градба | 1 |
| 3 | Магистрален канал за наводнување систем Тиквеш | Армирано бетонски | 2 |
| 4 | Мостови на Црна река | Армирано бетонски | 3 |
| 5 | Мостови на река Луда Мара | Армирано бетонски | 8 |
| 6 | Мостови на река Бошавица | Армирано бетонски | 3 |

Извор:Субјекти на системот за управување со кризи

**2.4.4. Останати објекти и инфраструктура, по типологија, степен на оштетување, број и други релевантни карактеристики**

На подрачјето на Општина Кавадарци се наоѓаат и други објекти и инфраструктура (стамбени, деловни и други објекти,електро,водоводна и телефонска локална мрежа и др.) податоци во ИНДОК база на податоци на ЦУК.

**2.5. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз населението**

**2.5.1 Живот и здравје**

Животот и здравјето на населението би бил загрозен од уривање и оштетување на стамбените објекти,нарушено снабдување со хигиенски и бактиориолошка исправна вода за пиење ,појава на заразни болести карактеристични при појава на поплави,нарушено снабдување од комуналната свера и др

**Опасности од поплави по животот и здравјето на населението**

-Поплавите носат ризик од заразни болести, бидејќи често се поврзани со прекин во снабдувањето со вода и повлекување на отпадни материи, како и со излевања на канализациите.

-Оштетените водоводни и канализациски цевки ја зголемуваат можноста да се контаминира водата за пиење.

- Со загадената вода и храна се пренесуваат цревни и кожни заразни болести.

-Се зголемува бројот на глодари и змии за време на поплавите, што представува дополнителен ризик за здравјето. на населението.

-Големата стоечка водна површина овозможува размножување на комарците и другите инсекти кои се преносители на голем број заболувања.

-За време и по природните катастрофи, голема е опасноста од повреди. Опасност се срушените електрични инсталации, електричните прилучоци потопени во вода, големите парчиња на скршено стакло и други материјали кои може да нанесат повреди.

**2.5.2. Смртност и повреди, (по типологија и интензитет)**

На подрачјето на Општина Кавадарци при поплави,висок водостој и поројници забележани се изолирани случаи на смртност и повреди на население

Реално и во иднина се очекува појава на смртност и повреди на населението а посебно при поплави настанати од рушење и оштетување и прелевање на браните на акумулациите „Тиквеш“ и Моклиште.

**2.5.3. Појава на болести и зарази, и др.**

Поплавата преставува потенцијална опасност за појава на заразни болести и усложнување на епидемиолошката состојба. При поплавите на подрачјето на општината досега не се регистрирани појави на заразни болести кај населението.

За санирање на состојбите кои би настанале при евентуално поплавување, реакцијата на санитарните служби треба да биде брза во насока на превземање на мерки со кои ќе се елиминираат или намалат условите за појава на заразни болести. Најчесто се појавуваат цревните заболувања кои во зависност од годишното време можат да добијат на интезитет. За да се намалат заболувањата потребно е да се зголеми здравствената култура на населението, а воедно да се превземат мерки за обезбедување на вода за пиење и обезбеди санитарен надзор на сместувањето и исхраната на населението.

Треба да се засили одржувањето на личната и колективната хигиена, и да се спроведува дезинфекција, дезинсекција и дератизација кои ќе допринесат за побрзо санирање на состојбите

**2.6. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) на институциите/субјектите на системот за управување со кризи (капацитет и способности)**

При поплави особено од излевањето на реките Црна Река,Луда Мара ,Бошавица,Раечка, субјектите на системот за управување со кризи во досега настанатите поплави со ангажираните ресурси (човечки и материјални) успешно се справувале и ги реализирале потребните процедури, мерки и активности.

Реално е да се очекува дека при слични појави на изложеност и ранливост на опасност од поплави системот за управување со кризи соодветно ќе реагира со потребните ресурси.

За одредени појавени слабости превземени се мерки за подобрување и таквиот пристап продолжува во насока на мерки на превенција за ефикасно справување со појавата и функционирање на системот

**2.7. Процена на директните, индиректните и долгорочните физички и економски загуби по категории, на разгледуваните елементи на ризикот**

Директните штети во поплавените подрачја се на сообраќајната инфраструктура (мостови, делови од локалната и регионалната патна мрежа) како и на системите за водоснабдување и електричната мрежа ,кај објекти (куќи и помошни објекти) кои се поплавуваат и при тоа се оштетуваат самите објекти но и материјалните добра кои се зафатени (мебел, апарати за домакинство, алати и машини, сточна храна, земјоделски производи и др.).

Штетите кои настануваат при поплавување на земјоделските површини се големи и во целост го уништуваат приносот

**Дирекни,индирекни и долгорочни штети од поплавите**

| **Дирекни штети** | **Индирекни штети** | **Долгорочни физички и економски загуби** |
|---|---|---|
| -Поплавување на објекти, патишта и инфраструктура | --Трошоци за одбрана од поплави | -Нарушување на условите за живот,престој и работа |
| -Поплава на средства, опремата и др. | -Трошоци за привремено сместување,храна, здраство | -Ангажирање на материјални и финансиски средства |
| -Поплава на земјоделски површини | -Намалување на земјоделско и друго производство | -Економски загуби и последици |
| -Давење на население и животни | -Евакуација на население и работници | |

**2.8. Збирна оцена и економски биланс на потенцијалниот ризик со процена на неговото влијание врз економијата на територијата/подрачјето**

**П Р Е Г Л Е Д**

**На предизвикана штета од поплавите на подрачјето од Општина Кавадарци**

| Р. бр. | Случена поплава/Предизвикана штета | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | година | локација | објекти | | Земјоделски површини | | В к у п н о |
| | | | број | денари | ха | денари | |
| 1 | 1979 | Бошава | 3 | | 3 | | |
| 2 | 1982 | Кавадарци | 80 | | 2 | | 3 000 000,00 |
| 3 | 1984 | Кавадарци | 60 | | 5 | | 12 000 000,00 |
| 4 | 1994 | Кавадарци | 98 | | | | 2 000 000,00 |
| 5 | 1995 | Кавадарци, Марена и Сопот | 130 | | 4 | | 4,5 % од буџет на оопштина |
| 6 | 2018 | Село Возарци Кавадарци | 9 | | 10 | | 145.000,00 |
| 7 | 2013 | Кавадарци | 44 | | | | |
| **В К У П Н О:** | | | **415** | | **24** | | **17 000 000,00** |

Извор:ДЗС ПО-Кавадарци

**2.9. Процена за други елементи на ризикот**

Реките Бошавица, Луда Мара ,Раечка и Црна Река како главни водотеци кој во себе ги примаат водните количини на поголем број на притоки и пороите во периоди кога има обилни врнежи и топење на снег добиваат големо водно количество, а со тоа се создаваат услови за транспортирање на големи количества на речен нанос кој се таложи попатно на одредени делови од текот, а најмногу на вливот во река Вардар и Тиквешкото езеро.



**(3) Капацитет и способност на Системот за управување со кризи за превенција, рано предупредување и одговор на проценетиот ризик**

**3.1. Осврт на секторски стратегии, политики и планови за намалување/превенција, односно справување со проценетиот ризик**

Институциите односно субјектите кои перманентно ги остваруваат своите надлежности во системот за управување со кризи имаат изработено повеќе стратегии, процени и планови за превенирање, намалување односно справување со ризикот од појава на поплави до елеминирање на последиците.

прилог 47

**3.2. Осврт на ресурсите за одговор (човечки, материјални, технички и др;) кои се наоѓаат на територијата на која се однесува процената**

Во справувањето со поплавите се користат човечки и материјално технички ресурси кои се лоцирани на подрачјето на Општина Кавадарци и со нив располагаат субјектите кои се директно или индирекно вклучени при справувањето со истите

Прикажаните ресурси се користат за поплавите согласно потребите на субјектите од СУК.

Покрај прикажаните ресурси на овие субјекти по барање на градоначалникот на општината може да се користат и други ресурси (за превоз на лица и МТС и опрема, градежни машини, сместување и сл.) кои се во сопственост на правни и физичките лица.

На подрачјето на Општина Кавадарци евиденција за ресурсите се води во базата на податоци на ПО-РЦУК Кавадарци и ЦУК

прилог 48

прилог 49

**3.3. Процена на потреби (опрема) и секторски подготовки (обука, вежби) за спроведување на потребните мерки и активности насочени кон превенција, рано предупредување и справување со проценетата состојба**

За подобрување на состојбите со превенцијата и справувањето со поплавите потребно е да се превземаат следните активности:

-Изградба на систем за тревожење низводно од браната на акумулацијата „Тиквеш"- надлежност на ХЕЦ Тиквеш

-За формираните единици потребно е да се набави соодветна опрема за интервенција и лична опрема за заштита на ангажираните лица.

- Обученоста на професионалната ТППЕ, единицата на ДЗС и тимовите на Црвен крст е задоволителна,додека обученоста и опременоста на човечките ресурси од субјектите на СУК кои треба да се ангажираат во справување со поплавите е недоволна. Заради тоа треба да се организираат специјалистички обуки за лицата кои ќе бидат директно ангажирани во справување со поплавите, а за граѓаните треба да се организираат основни обуки за самозаштита и нивно постапување при евентуално учество во справувањето со поплавите и елиминирањето на последиците од нив.

- Потребно е организирање на показни вежби во кои ќе се увежбуваат постапките на граѓаните и субјектите од СУК при појава на поплави

-Контрола на црпењето на песок и други минерали од речните корита .

-Уредување на речните корита и редовна проверка на водопропусливоста .

-Обезбедување и заштита на мостовите и другата инфраструктура долж речните корита.

**3.4. Координација, комуникација и одлучување за примената на мерките и ресурсите, преку стандардни оперативни постапки**

Спроведување на законските и подзаконските акти кои ги регулираат надлежностите на субјектите за справување со опасноста од поплави.

Регионалниот центар за управување со кризи Кавадарци е во функција на остварување на потребната координација,комуникација и соработка во остварувањето на сите функции на системот за управување со кризи на локално ниво.

Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци донесуваат стандардни оперативни процедури за дејствување на субјектите на локално ниво кои се во надлежност на Општина Кавадарци.

При опасности од поплави или прогласена кризна состојба се применуваат следните документи и материјали

-Стандардни оперативни процедури за комуникација,координација и соработка помеѓу субјектите во Системот за управување со кризи при прогласена кризна состојба

--Мапа на работен процес бр. 14-2555/1 од 22 09 2015 година.

-Уредба за видот на податоците и информациите и за начинот и постапката на нивно доставување до ЦУК (Службен Весник на РМ број 9/2007)

-Уредба за утврдување на оперативни постапки за меѓусебна комуникација,координација,соработка и постапување на субјектите на системот за управување со кризи бр.44-1223/1 од 06-02-2018 Службен весник на РМ бр. 27/2018 г

-Деловник за работа на РШУК при ПО-РЦУК Кавадарци бр. 17-7/1 од 08-01-2008 год.

-Методологија за процена на штети (Сл.Весник на РМ број 75 од 19.09.2001 година)

Планови и процедури за дејствување

**3.5. Мерки за справување и отстранување на последиците од случени несреќи и катастрофи**

Во справувањето и остранувањето на последиците од поплави,надлежните субјекти на локално ниво ги превземаат сите потребни превентивни и оперативни мерки

Превентивни и оперативни мерки за заштита од поплави: согласно законот за води и оперативните планови за заштита и одбрана од поплави.

-изградба на систем за тревожење низводно од браната на акумулацијата „Тиквеш“

-навремено чистење на речните корита;

-регулација на речните корита и поројници и одржување на регулираните делови од речните корита и поројници

-изградба на заштитни насипи на речните корита, особено на местата каде се евидентирани чести излевања;

-одржување на отворените канали.

- повторно отварање на каналите за одводнување, нивно прочистување и одржување.

-пополнување, обучување, оспособување на единици за заштита од поплави и тимовите за брз одговор;

-контрола на системите за водоснабдување од загадување

- снабдување на населението со вода за пиење и прехрамбени продукти.

-постојана контрола на состојбата на браната на Тиквешкото езеро. и акумулацијата Моклиште.

-згрижување и сместување на настраданото население во објекти за сместување

-прибирање и распределба на хунманитарна помош на загрозеното и настраданото население.

-превземањње на мерки за здраствена заштита на населението,контрола на храната и водата

**3.6. Процена на штети со изразени финансиски импликации**

Доколку настанат штети со изразени финансиски импликации,Општина Кавадарци формира комисии за процена на штети од поплави

Комисиите работат согласно Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета од настанати природни непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи (Сл.Весник на РМ број 98/2005)

Извештаите се изработуваат согласно обрасците пропишани во Единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди (Сл.Весник на РМ број 75 од 19.09.2001 година

**3.7. Управување со ревитализација по елиминирањето на кризата**

Општина Кавадарци по настанување на поплава,при прогласена криза –кризна состојба од поплави донесува програма за ревитализација на подрачјето и создавање услови за нормално функционирање на сите субјекти,

.оспособување на виталните објекти,згрижување на настраданото население во поплавените подрачја.и создавање на услови за живот и работа на населението и стопанските субјекти.

Субјектите што стопанисуваат со оштетените објекти и инфраструктура согласно

нивните планови,програми и расположиви финансиски и материјални средства превземаат мерки за санирање на настанатите штети и создавање на услови за функционирање

Согласно член 6 од Уредбата за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената може да се заклучи следното

**Од извршените анализи и изборот на индикатори за опасностите од поплави и превземените мерки на субјектите од системот за управување со кризи ,се проценува дека степенот на загрозеност од овие опасности на подрачјето на Општина Кавадарци е од втор степен на загрозеност што означува низок ризик**

**-Втор степен означува низок ризик редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност**

Од извршените анализи и изборот на индикатори на досега случените поплави и превземените мерки на субјектите од ЦУК наша процена е дека степенот на загрозеност од опасноста од поплави на подрачјето на општина Кавадарци е од втор степен на загрозеност ( СИНО ) што означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност).

## Екстремни временски појави

## II Процена на ризикот – постапки и активности

### (1) Процена на опасност

**1.1. Истражување, документирање и анализа на информации и документи за случените во минатото несреќи и непогоди предизвикани од опасностите карактеристични за територијата/подрачјето која е опфатена со процената**

Екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла ,град,мраз,слана и сињак) биле случени во минатото на подрачјето на Општина Кавадарци .

Климатските промени имаат голено влијаните врз појавата и интензитетот на екстремните временски појави.

Суша се смета подолг период без доволни количини на врнежи за нормален развој и созревање на земјоделските култури.

Ветар- Луња се смета ветар со брзина од 17,2 метри во секунда односно со 82 km на час (јачина 8 степени по Бофоровата скала)

Екстремно ниските температури на подрачјето на општина Кавадарци се јавуваат во месеците окт омври, ноември,декември,јануари,февруари и март од – 6 до – 24 степени

Екстремно високи температури на подрачјето на општина Кавадарци се јавуваат во јуни,јули,август и септември

Снежни врнежи се појави кои за кратко време формираат снежна покривка и наноси

Удар на гром се процеси на електрични празнења во атмосверата

Мраз,слана и сињак настануваат при температури на воздухот пониска од 0 степени..

Град е атмосверски врнеж во цврста состојба(лед) со пречник од 5 мм или повеќе,

**П Р Е Г Л Е Д**

**на настанати екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром и магла )**

| Ред. Бр. | Видови на атмосверски непогоди | Место на настанот-ризикот | Година на настанување | Време на случување | Причинета |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Суша | Подрачје на општина Кавадарци | 2019 година | од Јули до Септември | Намалени пр лозарството о % |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 2 | Пролетни мразеви | Возарци и Шивец покрај Црна река и Сопот и Марена покрај Луда Мара | 2019 година | Април | Од 20 - измрзнување на лозови и насади |
| | | Од пролетна голомразица во општина Кавадарци заафтени се селата Дреново,Возарци и Шивец покрај Црна река и Сопот и Марена покрај Луда Мара | 2021 година | 08,09 и 10 Април 2021 година | Измрзнување овошни насад до 100 % |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 3 | Екстремно ниски температури | Подрачје на општина Кавадарци | 2019 година | Јануари | Зголемени здраствените на населениет |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 4 | Екстремно високи температури | Подрачје на општина Кавадарци | 2019 година | Јули-Септември | Зголемени здраствените на населениет |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 5 | Поројни дождови | Ваташа | 2019 година | 17 Јуни. | Поројни нан |
| | | Кавадарци | 2020 г | 05-08-2020 г | Поројни дож поплавени индивидуалн стамбени обј |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 6 | Врнежи од град | Кавадарци м.в.Ума и Шамаци | 2019 година | 17 Јуни. | Штети на л овошни наса на површина |
| | | Kavadarci selo {ivec | 2020 | 13 Juni | {teti na loz od 50 do 80 % |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 7 | Врнежи од снег | Кавадарци ридско планински дел | 2019 година | Јануари | Висина на покривка од см ,наместа намети |
| | | Кавадарци ридско планински дел | 2019 година | Февруари | Висина на покривка од см ,наместа намети |
| | | Кавадарци ридскопланински дел | 2020 година | 05 и 06 Февруари | Висина на покривка од см. |
| | | Кавадарци ридскопланински дел | 2021 година | 13 Февруари | Висина на покривка од 100см. |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 8 | Невреме | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 9 | Магла | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| 10 | Гром | | | | |
| | | | | | |

Извор:Субјекти на системот за управување со кризи

прилог 50

прилог 51

**1.2. Определување/профилирање на потенцијалните извори на загрозување-опасности, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на теротиријата/подрачјето опфатено со процената**

Потенцијални извори на загрозување од опасност од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројнидождови,гром , магла ,град,мраз,слана и сињак) се :

-Геогравските,рељевните,климатските,хидрогравските и други карактеристики имаат влијание на појавата на екстремните временски појави .

-Суша- со ниско средно годишно ниво на врнежи 461 l/ м2 со граници од 280 до 695 mm

.Појава на зимски и рани пролетни мразеви и слана и уништување на земјоделските култури.

-Интензивни снежни врнежи и создавање на високи снежни наноси

-Интензивни поројни врнежи

-Интензивни електрични процеси во атмосверата

-Засилени и силни струења на воздухот.

-Климатските промени и нивно влијание

-Интензивни процеси во воздухот

-Подрачјето на Општина Кавадарци поради атмосверки и други влијанија е подложно на појава на град и оштетување на површините под земјоделски култури

-Поради технолошките процеси и создавање на т.н стаклена градина можни се брзи и нагли промени на времето и создавање на градоносни облаци

**1.3. Проценување на веројатноста за нивно случување (по време, место, интензитет), со научно и методолошки поткрепен процес на обработка на верификувани информации во организирана и координирана меѓуресорска соработка со сите вклучени субјекти од системот за управување со кризи**

Од анализата на досега случените екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром ,магла ,град,мраз,слана и сињак ) постои веројатност од нивна појава со зголемен интензитет и во наредниот период

На снежни врнежи се изложени населените места: Гарниково,Страгово,Крњево,Чемерско,Бохула,Радња,

Горна и Долна Бошава,Конопиште,Мрежичко,Рожден,Мајдан,Бојанчиште,Драдња,Раец,Куманичево,Пра

Добротино и Ќесендре

прилог 52

**1.4. Визуелизација на резултатите/наодите од процената, на карти/мапи за опасностите, матрици на опасност и други форми за визуелизација, поддржано со соодветна информатичка технологија, како Географски информациони системи-ГИС и сл.**



Невреме на подрачјето на општина Кавадарци

**1.5. Други постапки и активности**

За намалување на влијанието и последиците од екстремни временски појави субјектите на системот за управување со кризи превземаат мерки согласно законските прописи

што ја регулираат нивната надлежност и ги прават отпорни на екстремни временски појави и др

Сопствениците на индивидуални земјоделски стопанства,земјоделски претпријатија и ПЕ на МЗШВ и др. превземаат дополнителни мерки и активности за заштита на површините под земјоделски култури од мраз,слана и сињак(палење на прачки заради задимување на површините и др.)

**(2) Процена на ранливост и изложеност на посебните елементи кон кои е насочен ризикот**

**2.1. Процената на ранливоста и изложеноста опфаќа анализа и дефинирање на посебните карактеристики, пецифики и околности на поединецот, заедницата, објектите и системите кои ги прават подложни на негативните влијанија на оштетувачките ефекти на дадената опасност**

Од екстремни временски појави (суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром ,магла, град,мраз,слана и сињак ) ранливи и изложени се поединецот, населението локалната заедница,институциите и субјектите на системот за управување со кризи.

Ранливоста и изложеноста зависи од посебните карактеристики,специфики и околности во кои ќе се најдат при настанување на екстремни временски појави.

За намалување на влијанието на екстремните временски појави надлежните субјекти на системот за управување со кризи на локално ниво превземаат активности за спречување на настанување и намалување на последици,а по потреба ангажираат материјални и човечки ресурси.

Од опасности од мраз,слана и сињак загрозени се површините со земјоделски култури ,а тоа се површините што се во близина на речни корита,долови и суводолици и ниски и рамничарски површини.

Од опасности од град загрозени се површините со земјоделски култури,лозови и овошни насади на целото подрачје на Општина Кавадарци

прилог 53

**2.2. Квалитативна и квантитативна анализа на создадените вредности, идентификација на типологијата на објектите и нивниот број, на инфраструктурата и на критичните објекти кои се чуствителни на конкретната опасност/, со мапирање (до колку е можно)**

Според извршената анализа за изложеноста и можна загрозеност од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла ,град,мраз,слана и сињак ) состојбата е прикажана во прегледот што следи:

прилог 54

**2.3. Квалитативна и квантитативна анализа на изложеното население (родова структура,**

**старосни групи, групи со посебни потреби итн), со мапирање (до колку е можно)**

На опасностите од екстремни временски појави загрозени се одредени категории на население во зависност од местото на живеење,работа и престој,ранливи категории на население,хронично болно население и население што работи и престојува на отворен простор .

Населението загрозено од екстремни временски појави прикажано е во прилог 57 што следи.

прилог 55

прилог 56

прилог 57

**2.4. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз објекти и инфраструктура**

**2.4.1. Оштетувањето на објекти по конструктивни типови, степен на оштетување и број**

На објектите се можни оштетувања од екстремни временски појави и истите прикажани се во прегледот

**П Р Е Г Л Е Д**

**можни оштетување на објекти по конструктивни типови и број**

| Ред.бр | Објекти по консруктивни типови | Број |
|---|---|---|
| 1 | Акумулации | 5 |
| 2 | Трафостаниви | 3 главни и 144 по населени места |
| 3 | Антенски столбови и репетитори | 46 |
| 4 | Објекти и инфраструктура на СКИ центар Кожуф | |
| 5 | Стамбени и стопански ,услужни и други објекти | 16490 |
| 6 | Филтер станици за вода | 3 |
| 7 | ДалекуводиБетонски,решеткаст и дрвени | 5 |
| 8 | Објекти и инфраструктура на регионален водовод „Лукар“ и локални водоводи | 5 |
| 9 | Регионални и локални патишта и улици со патната инфраструктур | 19 |

Извор:Субјекти на системот за управување со кризи

**2.4.2. Оштетување на инфраструктурата, по различни категории на инфраструктура и степен на оштетување**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на оштетување на инвраструктура по категотии од екстремнин временски појави**

| **Ред.бр** | **Инфраструктура по категории** | **Локација** |
|---|---|---|
| 1 | Далекувод Дубрава-Битола | Од Мушов гроб до Трибор |
| 2 | Далекувод од ХЕ Тиквеш до Прилеп | Помеѓу столбовите 18 до 61 Црна река -Раец |
| 3 | Електро енергетска мрежа( локална) | Подрачје на општина Кавадарци |
| 4 | Телекомуникациски водови | Подрачје на општина Кавадарци |
| 5 | Водоводна и канализациона мрежа | Подрачје на општина Кавадарци |
| 6 | Регионални и локални патишта | Подарчје на општина Кавадарци |
| 7 | Патен правец Смрдлива вода -СКИ центар | Делница од 5 km |

**2.4.3. Критични објекти по категории на намена, конструктивна типологија, степен на оштетување и број**

Критични објекти и инфраструктура на кои се можни оштетувања од екстремни временски појави

**П Р Е Г Л Е Д**

**Критична инфраструктура по категории на намена, конструктива типологија, и број**

| **Р.б** | **Инфраструктура по категории** | **Конструктивни типологија** | **Број** |
|---|---|---|---|
| 1 | Акумулации | Камено насипни | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Трафостаниви | Тврда –армуирано бетонска | 3 главни и 14 |
| 3 | Антенски столбови и репетитори | Решеткасти | 46 |
| 4 | Далекувод Дубрава-Битола | Решеткаст | 1 |
| 5 | Далекувод од ХЕ Тиквеш до Прилеп | Решеткаст | 1 |
| 6 | Далекувиоди | | 15 |
| 7 | Електро енергетска мрежа( локална) | Армирано бетонски и дрвени | |
| 8 | Телекомуникациски водови | дрвени | |
| 9 | Извори на вода,регионален и локални водоводи | Цевоводи и резервоари | |
| 10 | Водоводни и топлински инсталации во здраствени установи,училишта и градинки | | |

Извор:Субјекти на системот за управување со кризи

**2.4.4. Останати објекти и инфраструктура, по типологија, степен на оштетување, број и други релевантни карактеристики**

-Извори и резервоари за вода

-Површини под житарици ,земјоделски и градинарски култури

-Површини под шуми

- Инфраструктура на рудник Ржаново-објекти за транспорт на руда

-Верски објекти-Манастири- градежни објекти

-Објекти за одглеедување на стока

Од опасноста од град загрозени се патнички и други возила кои се наоѓаат на отворено

**2.5. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) од конкретната опасност врз населението**

**2.5.1 Живот и здравје**

Животот и здравјето на населението од екстремни временски појави е загрозен по место на живеење,работа и престој на отворен простор.

Суша-Недостаток на вода и рестрикција на снабдувањето со вода за пиење, намалени приноси на земјоделско и друго производство,појава на штетници и болести на растенијата

Ветар-Луња-Загрозен е животот и здравјето од паѓање на дрвја,кровни конструкции и

жици и кабли од електромрежата,полегнување на посевите и намалување на приносот,истресување на плодовите.

Екстремно ниски и високи температури-Појава на болести предизвикани од екстремните временски појави а посебно загрозени се ризичните категории на население(деца до 4 годишна возраст,хронично болни,стари и изнемоштени лица и лица со одредени и ризични професии .

Снежни врнежи и наноси-Блокада на патишта и отежнато снабдување на населението со храна, оштетување на инфраструктурата,појава на болести и повреди карактеристични за зимскиот период.

Поројни дождови-Поплавување на објекти ,улици и земјоделски површинии,заматување и загадување на водата,оштетување на водоводна ,патна и друга инфраструктура и појава на заразни болести и штетници

Удар на гром-Загрозен е животот и здравјето на оние што работат и престојуваат на отворен простор.

Магла-Загрозен е животот и здравјето на населението што има здраствени проблеми при појава на магла,намалена видливост за учесниците во сообраќајот(возачи,патници и пешаци) и др.

Мраз,слана и сињак и град- Измрзнувањето и оштетување на површините под земјоделски култури

**2.5.2. Смртност и повреди, (по типологија и интензитет)**

На подрачјето на Општина Кавадарци од досега случените екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром ,магла, град,мраз,слана и сињак ) има појава на изолирани случаи на смртност и повреди.

При екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла, град,мраз,слана и сињак ) што би се случиле во наредниот период можни се смртни случаи и повреди на населението во зависност од екстремната временска појава..

На подрачјето на Општина Кавадарци смртноста од појава на мраз ,слана и сињак нема регистрирано.

Има изолирани случаи на премрзнување на поединци што се движат или престојуваат во ридскопланинскиот дел.

Повреди и скршеници на долни и горни екстремитети и др. на населението има регистрирано при појава на поледица и мраз на регионалните и локалните патишта и улици.

Повреди настануваат и на работниците кои извршуваат работи на

површини,инфраструктура и објекти зафатети од поледица и мраз

На подрачјето на општина Кавадарци смртност од појава на град досега нема. регистрирано

**2.5.3. Појава на болести и зарази, и др.**

Од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла, град,мраз,слана и сињак) можна е појава на болести и зарази на подрачјето на Општина Кавадарци и тоа:

-Заразни болести од користење на загадена и контаминирана вода

-Труење со храна и хемиски средства.

-Заразни и други заболувања, предизвикани од неповолното влијание на екстремните временски појави

-Болести на дишните органи,кардиоваскуларни заболувања,хипотермија,мозочни удари,и др.

-Заразни болести(жолтица,грип,сипаница ,зоонози и др.

-Болести предизвикани од екстремно ниски и виисоки температури на ранливите и ризични групи на население.

-Појава на сезонски грип

-Болести на дишните органи-респираторни

Премрзнување на долни и горни екстремитети

Од екстремни временски појави можна е појава на болести и зарази и истите имаат влијание на животот и работата(отсуства од работа и училишта,намалена стопанска активности .

**2.6. Процена на влијанието (ранливост и изложеност) на институциите/субјектите на системот за управување со кризи (капацитет и способности)**

Од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла,мраз,слана , сињак и град ) особено ранливи и изложени се институциите/субјектите надлежни за превенција,ранопредупредување и справување со истите.

Субјектите со ангажираните ресурси (човечки и материјални) успешнп се справувале и ги реализирале потребните процедури, мерки и активности.

Реално е да се очекува дека при опасност од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром ,магла ,мраз,слана,сињак и град) системот за управување со кризи

соодветно да реагира со потребните ресурси.(човечки и материјални)

За одредени појавени слабости превземени се мерки за подобрување и таквиот пристап продолжува во насока на мерки на превенција за ефикасно справување со појавата и функционирање на системот од појава до елиминирање

Во превенцијата,рано прдупредување и справувањето со екстремните временски појави субјектите на системот за управување со кризи на подрачјето на општина Кавадарци се ангажираат согласно законските и подзаконските прописи што ја регулираат нивната надлежност и оперативните планови и програми за работа и ангажирање

**2.7. Процена на директните, индиректните и долгорочните физички и економски загуби по категории, на разгледуваните елементи на ризикот**

Од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни-дождови,гром ,магла , град,мраз,слана и сињак) по населението и материјалните добра настануваат дирекни,индирекни и долгорочни физички и економски штети и загуби.

прилог 58

**2.8. Збирна оцена и економски биланс на потенцијалниот ризик со процена на неговото влијание врз економијата на територијата/подрачјето**

Екстремни временски појави (суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла ,град,мраз,слана и сињак) имаат влијание на економскиот биланс на Општина Кавадарци

Општина Кавадарци располага со економски биланс за успешно справување со настанатиот ризик и истиот нема да има големи ефекти кон целокупното економско работење на општината како целина или стопанските и други субјекти оделно.

Потенцијалниот ризик од опасностите од Екстремни временски појави (суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла ,град,мраз,слана и сињак од субјектите на системот за управување со кризи бара ангажирање на човечки и материјално финансиски ресурси на подрачјето на Општина Кавадарци.

**2.9. Процена за други елементи на ризикот**

**Суша**

-Намалување на водниот потенцијал на изворите,реките и езерата.

-Намалување на приносите во земјоделството и сточарството. до 40 %

-Зголемување на опасностите од појава на пожари во шуми и на отворен

простор.

**Лљуња и силни ветрови**

-Оштетување и полегнување на посевите и намалување на приносите и економскиот потенцијал на населението и стопанските и други субјекти.

-Оштетување на далекуводи,електро и телефонска мрежа,

**Екстремно високи и ниски температури**

-Зголемување на опасностите од појава на пожари во шуми и на отворен простор

-Зголемување на здраствените ризици на населението.(ризични групи и лица со одредени професии

**Снежни врнежи и наноси**

Снежните врнежи и наноси во ридскопланинското подрачје го загрозува целокупниот сточен фонд( 9622 овци и кози, 1154 говеда и др.за кои точна евиденција води СИЗ за пасишта –ПЕ Кавадарци.

-Измрзнување на површините под земјоделски култури до 50 %.

-Зголемување на здраствените ризици на населението.(ризични групи и лица со одредени професии

-Уништување и оштетување на земјоделски површини со земјоделски производи до 80 %

прилог 59

**(3) Капацитет и способност на Системот за управување со кризи за превенција, рано предупредување и одговор на проценетиот ризик**

**3.1. Осврт на секторски стратегии, политики и планови за намалување/превенција, односно справување со проценетиот ризик**

Институциите односно субјектите кои перманентно ги остваруваат своите надлежности во системот за

управување со кризи имаат изработено повеќе стратегии, процени и планови за превенирање, намалување односно справување со ризикот од екстремни временски појави

**П Р Е Г Л Е Д**

**на стратегии, процени и планови за превенција и справување со екстремни временски појави**

| Р.б. | Назив на документот | Субјект | Забелешка |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Стратегија за развој на вардарскиот плански регион | Општина Кавадарци | |
| 2 | Национална стратегија за заштита и спасување бр. 6/2014 | ДЗС | |
| 3 | Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на мерките за заштита и спасување | ДЗС ПО Кавадарци | |
| 4 | Процени на загрозеност од приородни непогоди, епидемии,епизотии, епитофии и други | ДЗС – ПО,ЕЛС и Субјекти | |
| 5 | Планови за заштита и спасување од природни непогоди,епидемии,епизотии,епитафии и други несреќи | ДЗС – ПО ,ЕЛС Субјекти | |
| 6 | Трет национален план за климатски промени | Влада на РМ | |
| 7 | Оперативни планови и програми за дејствување | Субјекти на СУК | |

Извор:Субјекти на системот за управување со кризи

**3.2. Осврт на ресурсите за одговор (човечки, материјални, технички и др;) кои се наоѓаат на територијата на која се однесува проценета**

Во справувањето со опсноста од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни-дождови,гром ,магла ,град,мраз,слана и сињак )се користат човечки и материјално технички ресурси кои се лоцирани на подрачјето на Општина Кавадарци и со нив располагаат субјектите кои се директно вклучени при справувањето со истите

Прикажаните ресурси се ангажираат за справување на опсноста од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни-дождови,гром , магла ,град,мраз,слана и сињак ) согласно потребите на субјектите и барање на општина Кавадарци и РЦУК.

Покрај прикажаните ресурси на овие субјекти може да се користат и други ресурси (за превоз на лица и МТС и опрема, градежни машини, сместување и сл.) кои се во сопственост на правни и приватни лица.

Евиденција за ресурси има во ИНДОК базата на податоци воспоставена во ЦУК.

Во справувањето со опасностите од мраз,слана и сињак се користат човечки и материјално технички ресурси кои се лоцирани на подрачјето на општината Кавадарци и со нив располагаат субјектите кои се директно вклучени при справувањето на истите

прилог 60

прилог 61

прилог 62

**3.3. Процена на потреби (опрема) и секторски подготовки (обука, вежби) за спроведување на потребните мерки и активности насочени кон превенција, рано предупредување и справување со проценетата состојба**

За намалување на ефектите и последиците од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла ,град,мраз,слана и сињак) има потреба од следната опрема :

-Набавка и употреба на заштитна опрема(лична и колективна) за населението и работниците од оделни дејности изложени на влијание на екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла град,мраз,слана и сињак )

-Поставување на мрежи за заштита од град (доколку сопствениците на површини со земјоделски култури располагаат со финансиски средства

Потребни се обуки и вежби на населението и вработените за спроведување на мерките за. заштита од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром ,магла, град,мраз,слана и сињак )

**3.4. Координација, комуникација и одлучување за примената на мерките и ресурсите, преку стандардни оперативни постапки**

Спроведување на законските и подзаконските акти кои ги регулираат надлежностите на субјектите за справување со опасноста од. екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла, град,мраз,слана и сињак )

Регионалниот центар за управување со кризи Кавадарци е во функција на остварување на потребната координација,комуникација и соработка во остварувањето на сите функции на системот за управување со кризи на локално ниво

Градоначалникот и советот на Општина Кавадарци донесуваат стандардни оперативни постапки за дејствување на субјектите на локално ниво во надлежност на Општина Кавадарци.

Комуникацијата,координацијата и соработката се остварува преку следните оперативни документи:

-Стандардни оперативни процедури за комуникација,координација и соработка помеѓу субјектите во Системот за управување со кризи при прогласена кризна состојба

--Мапа на работен процес бр. 14-2555/1 од 22 09 2015 година.

-Уредба за видот на податоците и информациите и за начинот и постапката на нивно

доставување до ЦУК (Службен Весник на РМ број 9/2007)

-Уредба за утврдување на оперативни постапки за меѓусебна комуникација,координација,соработка и постапување на субјектите на системот за управување со кризи бр.44-1223/1 од 06-02-2018 Службен весник на РМ бр. 27/2018 г

-Уредба за утврдување на оперативни постапки за меѓусебна комуникација,координација,соработка и постапување на субјектите на системот за управување со кризи бр.44-1223/1 од 06-02-2018

-Деловник за работа на РШ за УК при ПО-РЦУК Кавадарци бр. 17-7/1 од 08-01-2008 год.

-Методологија за процена на штети (Сл.Весник на РМ број 75 од 19.09.2001 година)

Планови и процедури за дејствување

**3.5. Мерки за справување и отстранување на последиците од случени несреќи и катастрофи**

Во справувањето и остранувањето на последиците од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла , град,мраз,слана и сињак) надлежните субјекти на локално ниво ги превземаат сите потребни превентивни и оперативни мерки

-Спроведување на препораките од третиот национален план за климатски промени

-Намалување на емисијата на гасови и други загадувачки материи.

-Користење на енергија од природни и обновливи извори на енергија.

-Изградба и одржување на водоводни системи(за население и наводнување на земјиште).

-Пошумување на опожарени,деградирани,ерозивни и други површини.

-Рационално и економично користење на расположивите ресурси

-:Чистење на доловите и пороите

-Превземање на мерките и активностите согласно плановите,програмите и другите документи на субјектите на системот за управување со кризи.

-Обезбедување на сол и песок за посипување на патиштата и улиците

-Просторна дисперзија на земјоделските култури

-Поставување на мрежи за заштита од град

-Одржување на системот за градобитна заштита

-Осигурување на површините под земјоделски ,лозови и овошни култури

-Осигурување на земјоделските култури

### 3.6. Процена на штети со изразени финансиски импликации

Доколку настанат штети со изразени финансиски импликации,Општина Кавадарци формира комисии за процена на штети од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни дождови,гром , магла, град,мраз,слана и сињак)

Комисиите работат согласно Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета од настанати природни непогоди, епидемии, епизоотии и други несреќи (Сл.Весник на РМ број 98/2005)

Извештаите се изработуваат согласно обрасците пропишани во Единствена методологија за процена на штети од елементарни непогоди (Сл.Весник на РМ број 75 од 19.09.2001 година)

### 3.7. Управување со ревитализација по елиминирањето на кризата

Општина Кавадарци при прогласена криза –кризна состојба од екстремни временски појави(суша, ветар,екстремно ниски и високи температури ,снежни врнежи и наноси,поројни-дождови,гром , магла, град,мраз,слана и сињак ))донесува програма за ревитализација на подрачјето и создавање услови за нормално функционирање на сите субјекти.

Субјектите што стопанисуваат со оштетените објекти и инфраструктура согласно нивните планови,програми и расположиви финансиски и материјални средства превземаат мерки за санирање на настанатите штети и создавање на услови за функционирање

Согласно член 6 од Уредбата за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената може да се заклучи следното

**Од извршените анализи и изборот на индикатори за опасностите и превземените мерки на субјектите од системот за управување со кризи ,се проценува дека степенот на загрозеност од овие опасности на подрачјето на Општина Кавадарци е од втор степен на загрозеност**

**-Втор степен - означува низок ризик редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност**

Од извршените анализи и изборот на индикатори на досега случените екстремни временски појави и превземените мерки на субјектите од ЦУК наша процена е дека степенот на загрозеност од опасноста од екстремни временски појави на подрачјето на општина Кавадарци е од втор степен на загрозеност ( СИНО ) што означува низок ризик (редовна состојба со ретко манифестирани појави на загрозеност).

## Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните

## II Процена на ризикот – постапки и активности

### (1) Процена на опасност

**1.1. Истражување, документирање и анализа на информации и документи за случените во минатото несреќи и непогоди предизвикани од опасностите карактеристични за територијата/подрачјето која е опфатена со процената**

Врз основа на извршените истражувања и анализи по добиените податоци од Општина Кавадарци,,ЈЗУ ЦЈЗ Подружница Кавадарци,АХВ ПЕ Кавадарци и МЗШВ ПЕ Кавадарци констатирано е дека на подрачјето на Општина Кавадарци во минатото се случиле Епидемии на карантински и други заразни заболувања кај луѓето и животните и постои можност истите да се јават и во наредниот период. и да предизвикаат штети по луѓето и животните.

Подрачјето на Општина Кавадарци од месец Март 2020 година е зафатено со вирусно заболување SARS -COV-2 КОВИД-19 , вирусот сеуште е активен и истиот предизвикува здраствени,економски,образовни ,социјални и други последици по населението,стопанските и други субјекти и др.

прилог 63

прилог 64

**1.2. Определување/профилирање на потенцијалните извори на загрозување-опасности, кои можат да предизвикаат одредено загрозување на безбедноста на теротиријата/подрачјето опфатено со процената**

Потенционални извори на загрозување на луѓето и животните

